PSRP

Project Syndicate / Res Publica

Поглед кон 2021



PSRP Поглед кон 2021

01.
Белешка од уредникот

02.
Пандемија на стравот
ИВАН КРАСТЕВ

6.
Тивката финансиска криза
КАРМЕН М. РАЈНХАРТ

11.
Пресвртна година за Европа
ЖОЗЕП БОРЕЉ



14.
Кревко закрепнување во 2021
НУРИЕЛ РУБИНИ

18.
Како може КОВИД-19 да го промени светот?
ЏЕРЕД ДАЈМОНД

23.
НЕ ПОСТОИ „ПЛУКНИ-ЗАЛЕПИ" РЕШЕНИЕ ЗА КОВИД
ВИЛИЈАМ А.ХАСЕЛТИН

27.
Да научиме како да живееме со КОВИД-19
ЕРИК БЕРГЛОФ



30.
Кон 2021 и потоа - големо глобално преструктуирање
НИКОЛА ПОПОВСКИ

32.
2021 - година за ваквицинирање против КОВИД авторитизмот.
КАРОЛИНА РИСТОВА – АСТЕРУД

PSRP Поглед кон 2021

35.
Пандемија во ерата на пост-вистината
ТРИШ ГРИНХАЛГ

38.
Лек за демагошки популизам
МАЈКЛ ЛИНДТ

43.
Враќање на парискиот пат за борба против климатски промени
ЛОРЕНС ТУБЈАНА

46.
Кој кого напаѓа?
МОХАМЕД ЕЛБАРАДЕИ

48.
Нова Година – Нулта
КЛАУС ШВАБ

Советодавен одбор:

Бертранд Бадр
Гордон Браун
Марк Клиф
Џин Фриеда
Александар Фридман (претседавач)
Мајкл Ханли
Кони Хедегаард

Тим на уредници:

Витни Арана (уредник)
Мариса Баард (помошник уредник)
Рејчел Дана (заменик уредник)
Рицард Имс (постар уредник)
Роман Фридман
Анатолиј Калецки (помошник уредник)
Сами Марум (помошник уредник)
Кенет Марфи (главен уредник)
Андрзеј Рапацзински
Јоана Роуз (уредник за наука/здравје)
Џонатан Стајн (главен уредник)
Лоренс Тубиана (помошник уредник)
Стјуарт ватли (постар уредник)

Издавање:

Тревор Бохач (менаџер на дигитален маркетинг)
Лорен Батлер (менаџер на дигитални продукти)
Николас Чатара - Морс (главен извршен директор)
Дамен Даус (извршен потпретседател на бизнис развој)
Дерек Халси (соработник за институционална продажба)
Џонатан Хофман (главен оперативен директор)
Тања Јагнич (аналитичар на податоци за објавување)
Петер Купчек (главен финансиски директор)
Џејсон Линбак (потпретседател за издаваштво)
Кармен Морехон (аналитичар на податоци)
Петра Немчекова (аналитичар на податоци)
Елизабет Озборн (координатор на грантови)
Зузана Павликова (менаџер на канцеларија)
Кристиана Полидороу (менаџер за односи со јавноста)
Кејтлин Рудолф (помошник менаџер за дигитален маркетинг)
Брук Слоан (менаџер за дистрибуција и транспорт)
Колет Витни (помошник менаџер за дистрибуција и транспорт)

© Проект Синдикејт 2020

PROJECT SYNDICATE / RES PUBLICA

Белешка од уредникот

Пандемијата во 2020 година предизвикана од КОВИД-19 го предизвика најголемиот удар за глобалната економија по оној од Втората светска војна. Цели општества беа приморани да останат во домовите, и луѓето насекаде мораа да се адаптираат на новите начини на работење, студирање, дружење и забавување. И покрај тоа, на светско ниво починаа повеќе од еден милион луѓе, а невработеноста, нееднаквоста и сиромаштијата вртоглаво пораснаа.

Глобализираната економија, спас за милијарди луѓе во последниве децении, одеднаш стана извор на ранливост, поради нарушувањето на далекусежните синџири на снабдување и владините напори да ги заштитат државните пазари. Додека пандемијата ја забрза деглобализацијата, што се гледа во наглиот пад на светската трговија, националните одговори на кризата ги истакнаа длабоките разлики во квалитетот на управувањето.

Се покажа дека земјите со популистички влади, како што се Бразил, Индија, Обединетото Кралство и САД, во просек поминаа полошо од земјите како Германија, Јапонија, Јужна Кореја и, како извонреден пример, земјите во развој како Руанда и Виетнам. Со потценување на научниците и политизирање на стручната јавност, лидерите како претседателот на САД Доналд Трамп, на Бразил Жаир Болсонаро и на Индија Нарендра Моди ги оставија своите земји во состојба на крајно спротивставени ставови и поделби, неподготвени да се справат со голема јавна здравствена криза и нејзините сеприсутни економски последици.

Со оглед на упорноста на пандемијата, изгледите за закрепнување во 2021 година во голема мера ќе зависат од тоа колку брзо ќе се развие и дистрибуира безбедна и ефективна вакцина. Важно е дека обидот да се исполни таа највисока цел, особено ако е придружен со нова американска влада, може да ги заживее постојните институции за меѓународна соработка и да катализира нови. Без оглед на формата што ќе ја добие, робустен мултилатерализам ќе биде неопходен за ублажување на наглиот раст на сиромаштијата и нееднаквоста предизвикан од пандемијата, и за решавање на подолгорочните предизвици, особено егзистенцијалната закана од климатските промени.

Всушност, пандемијата може да ја сфатиме како глобален повик за будење – повик што ја потенцираше потребата да се постават одржливоста и социјалната правда во центарот на јавната политика. Во „Пандемија на стравот“, сегашни и поранешни политички лидери, креатори на политики на високо ниво и реномирани научници презентираат оригинални, ексклузивни и изострени анализи на задачите што ни претстојат, како на национално така и на меѓународно ниво, за да бидеме сигурни дека вакво нешто нема повторно да нè начека неподготвени.

Нека 2021 биде година на разум, напредок и надеж.

Кони Хедегард бил во функција на европски комесар за климатско дејствување од 2010 до 2014 година, како министер за животна средина на Данска од 2004 до 2007 година и министер за климатски промени и енергија од 2007 до 2009 година.

ПАНДЕМИЈА

ИВАН КРАСТЕВ

Претседавач на Центарот за либерални стратегии

“Првото нешто што чумата го донесе во нашиот град беше егзилот“, забележува нараторот во *„Чумата“* на Албер Ками. Деновиве имаме многу јасна претстава што мислел со тоа. Општество во карантин е буквално „затворено општество“ во кое секој освен суштинските работници го става својот живот на пауза. Кога луѓето се изолирани во своите домови, соочени со страв, досада и параноја, една од малкуте активности што продолжуваат да се одвиваат е дискусијата за вирусот и како тој може да го трансформира светот во иднина.

НАСТРАВОТ

ЛУЃЕ ЧЕКААТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ХРАНА ВО ВРЕМЕ НА ДРЖАВНИОТ КАРАНТИН ВО ИНДИЈА.

Во овој нов свет, многу влади (добронамерни или не) внимателно следат каде одиме и со кого се среќаваме, решени да нè заштитат од нашата непромисленост и од непромисленоста на нашите сограѓани. Контактот со други луѓе стана закана по живот. Во многу земји, ако недозволено се прошетате во парк може да добиете парична казна, па дури и казна затвор, а спонтан физички контакт стана еднаков на некакво општествено предавство.

Како што забележа Ками, чумата ја брише „уникатноста на животот на секој човек", бидејќи ја зголемува свеста на секоја личност за сопствената ранливост и неможност да планира за иднината. Како Смртта да ни станала прв сосед. По завршетокот на една епидемија, секој што е жив може да ја добие титулата „преживеан".

Но, колку долго ќе трае сеќавањето на нашата чума? Можеби за само неколку години ќе ја паметиме како еден вид масовна халуцинација предизвикана од „недостаток на простор, што бил надоместен со вишок на време", зборови со кои Џозеф Бродски го опиша животот на еден затвореник?

Во нејзината чудесна книга Pale Rider („Блед јавач"), научната писателка Лора Спини покажува дека пандемијата предизвикана од шпанскиот грип од 1918–1920 година бил најтрагичниот настан на дваесеттиот век, барем во смисла на загубени животи од една иста причина. Бројот на загинати бил повисок од жртвите во Првата и во Втората светска војна, дури е можно и да загинале онолку луѓе колку што загинале во двете војни заедно. И покрај тоа, како што забележува Спини, „На прашањето која е најголемата катастрофа во дваесеттиот век, речиси никој не вели: шпанскиот грип".

Уште поизненадувачки е што се чини дека дури и историчарите ја заборавиле трагедијата. Во 2017 година, WorldCat, најголемиот светски библиотекарен каталог, содржеше околу 80.000 книги на тема Прва светска војна (на повеќе од 40 јазици), но едвај 400 на тема шпански грип (на пет јазици). Како може да има 200 пати помалку книги за епидемијата во која загинале најмалку пет пати повеќе луѓе од Првата светска војна? Зошто се сеќаваме на војните и револуциите, но ги забораваме пандемиите, кои исто толку суштински влијаат на нашите економии, на политиката и општествата?

Уште поизненадувачки е што се чини дека дури и историчарите ја заборавиле трагедијата. Во 2017 година, WorldCat, најголемиот светски библиотекарен каталог, содржеше околу 80.000 книги на тема Прва светска војна (на повеќе од 40 јазици), но едвај 400 на тема шпански грип (на пет јазици). Како може да има 200 пати помалку книги за епидемијата во која загинале најмалку пет пати повеќе луѓе од Првата светска војна? Зошто се сеќаваме на војните и револуциите, но ги забораваме пандемиите, кои исто толку суштински влијаат на нашите економии, на политиката и општествата?

Одговорот на Спини е дека е тешко од пандемија да се направи привлечна приказна за борбата помеѓу доброто и злото. Во нив нема заплет, ниту некоја главна поука. Епидемиите се како серија на Нетфликс каде крајот на една сезона служи само како пауза пред почетокот на следната. Да се искуси пандемија е да се биде во ситуација во која сè се менува, но ништо не се случува. Од нас се бара да ја зачуваме човечката цивилизација со тоа што ќе останеме дома и ќе миеме раце. Како во некој модернистички роман, целото дејство се случува во умот на нараторот. Според она како јас ја доживеав ерата на КОВИД-19, единствените физички предмети што ќе ми останат во сеќавање ќе бидат авионските билети кои останаа неискористени и маските за лице што постојано се користеа.

А сепак, истиот момент кога ќе излеземе на улица, сфаќаме колку сè се сменило. Како и многу од моите омилени кафулиња во Виена и Софија, и мојата омилена книжарница во Вашингтон е затворена. Како неутронска бомба, КОВИД-19 го уништува нашиот начин на живот без фактички да го оштети нашиот материјален свет. Во поголемиот дел од 2020 година, аеродромите беа едни од најтажните места на светот – празни, тивки, со само неколку патници кои шетаа по терминалите како духови. Зголемената слобода на движење во последните три децении и леснотијата со која се мешаа луѓето од различни социјални класи стана силен симбол на глобализацијата. Сега, таа слобода остана во историјата или барем е ставена во мирување на неодредено време.

Во меѓувреме, сите јавни пораки со апели луѓето да останат дома, предизвикаа метафизичка рефлексија. Домот е местото каде што сакаме да бидеме кога ќе се соочиме со голема опасност. Кога јас и моето семејство сфативме дека нè чека подолг период на социјално дистанцирање, самите се изненадивме со одлуката да се вратиме во Бугарија.

Ова не беше сосема рационална одлука. Живееме и работиме во Виена веќе една деценија, го сакаме градот и австрискиот здравствен систем е далеку посигурен од бугарскиот. Она што нè врати во Бугарија беше идејата дека треба „да седиме дома". Дома, за нас, значи Бугарија. Во време на криза, сакавме да бидеме поблиску до луѓето и местата што ги знаеме цел живот. И не бевме само ние: 200 000 Бугари кои живеат во странство го сторија истото.

Исто колку што им значеше засолништето што го најдоа во своите матични земји, толку утеха најдоа и во своите мајчини јазици. Во моменти на голема опасност, речиси несвесно зборуваме на нашиот мајчин јазик. Во моето детство во

ФОТОГРАФИЈА ОД ПРАЗЕН АЕРОДРОМ ВО ЊУЈОРК JFK ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА.

Бугарија, научив вредна лекција од гледање советски филмови за Втората светска војна. Еден од најопасните моменти за советските жени шпиони во Рајхот на Хитлер било раѓањето дете, оти тоа значело дека несвесно ќе извикуваат на нивниот мајчин руски јазик. Да седиш дома значи да бидеш таму каде што се зборува твојот мајчин јазик и таму каде што си безбеден.

Една од најголемите оптички илузии на глобализацијата во дваесет и првиот век е дека само луѓето кои често патуваат, џет-сетерите, се вистински космополити и дека само оние кои се чувствуваат како дома на различни места можат да имаат универзалистичка перспектива. На крајот на краиштата, канонскиот космополит, Имануел Кант, никогаш не го напуштил својот роден град Кенигсберг, кој и самиот припаѓал на различни империи во различни периоди. Кант го отелотворува истиот парадокс како КОВИД-19, со тоа што го направи светот поглобален, и покрај тоа што ги сврте државите против глобализацијата.

На пример, „самоизолацијата“ и „социјалното дистанцирање“ го отворија европскиот ум. Затворањето на границите меѓу земјите членки на ЕУ и приморувањето на луѓето да останат во своите домови нè направи повеќе космополити од кога било. За оние со пристап до комуникациска технологија, пандемијата не внесе де-глобализација, туку де-локализација. Нашите географски соседи всушност не се поблиску од нашите пријатели и колеги во странство; се чувствуваме поблиску до телевизиските спикери отколку до луѓето што живеат на нашата улица.

> Можеби е минлив историски момент, но не можеме да негираме дека сфативме какво е чувството да се живее во еден свет.”

Можеби за прв пат во историјата, луѓето водат исти разговори за исти теми. Сите го чувствуваме истиот страв. Со тоа што беа постојано дома и поминуваа безброј часови пред екраните, луѓето ги согледаа сличностите помеѓу сопствените искуства и оние на останатите. Можеби е минлив историски момент, но не можеме да негираме дека сфативме какво е чувството да се живее во еден свет.

Иван Крастев е претседавач на Центарот за либерални стратегии, Софија и постојан соработник на Институтот за хумани науки, Виена. Има објавено неколку дела, а најновото му е **Is It Tomorrow Yet? Paradoxes of the Pandemic.**



ТИВКАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА

КАРМЕН М. РАЈНХАРТ

Главен економист во Светска банка

Терминот „финансиска криза“ веќе долго време се асоцира со банкарска паника и драматичен пад на цените на капиталот. Класичните книги на Чарлс Киндлбергер Светот во депресија, 1929-1939 и Мании, паники и падови, како и моето дело со Кенет Рогоф, Овој пат е поинаку, ги документираат фактите за ваквите случувања. Во последните години, терминот „Леман момент“ се издвои како карактеристика на глобалната финансиска криза од 2007-2009 година па дури и инспирираше шоу на Бродвеј.

Но не сите финансиски кризи вклучуваат Леман моменти. Со падот на економијата може значително да се влоши квалитетот на активата, особено кога фирмите и домаќинствата се високо задолжени. Дополнително, долгогодишното кредитирање на непродуктивни приватни компании или јавни претпријатија (второто не е невообичаено во некои од земјите во развој) акумулира проблеми во билансите.

Без разлика што не секогаш вклучуваат паники и повлекување на средствата, овие кризи носат повеќекратни трошоци. Преструктуирањето и докапитализацијата на банките со цел да се поврати солвентноста може да бидат скапи за владите и даночните обврзници, а новото кредитирање да оди бавно, забавувајќи ја економската активност. Кредитната криза исто има и дистрибутивни ефекти, бидејќи посилно ги погодува малите и средните претпријатија и домаќинствата со ниски примања.

Да се разбереме, пандемијата на вирусот Ковид-19 продолжува да создава многу непосакувани ситуации, како растечките стапки на бројот на заразени, широко распространети карантини, рекорден пад во производството и зголемена сиромаштија. Но, покрај овие трендови, потивка криза се развива во финансискиот сектор. Може да ги загрози шансите за економско закрепнување во наредните години дури и без Леман момент.

Поточно, финансиските институции низ целиот свет ќе продолжат уште извесно време да се соочуваат со значителен пораст на нефункционални кредити (NPLs). Кризата Ковид-19 е исто така регресивна, непропорционално ги погодува домаќинствата со ниски примања и помалите компании кои имаат помалку средства да се заштитат од несолвентност.

Уште од почетокот на пандемијата владите се потпираат на експанзивни монетарни и фискални политики за да го надоместат сериозниот пад на економската активност од широко-распространетите карантини и мерките за социјално дистанцирање. Богатите земји имаа значителна предност во однос на способноста да реагираат, иако зголемената кредитна активност на меѓународните институции исто помогна да се финансираат политиките за справување со здравствената криза во економиите во развој и растечките економии.

Како што е документирано од страна на Меѓународниот монетарен фонд во својот „Следач на политики“, за разлика од кризата во периодот 2007-2009 година (или, всушност, во повеќето претходни кризи), овој пат банките поддржаа макроекономски

> „Пандемијата на вирусот КОВИД-19 продолжува да создава многу непосакувани ситуации...“

поттик со различни привремени мораториуми на кредитите. Овие мерки обезбедија одреден простор за домаќинствата кои се соочија со загуба на работните места и пад во доходот, како и за бизнисите кои се борат да ги преживеат карантините и општиот прекин на нормалното живеење (тука особено се истакнуваат секторите поврзани со туризмот).

Сите финансиските институции одобрија грејс-период за отплата на постојните кредити, а многу од нив ги преструктуираа кредитите во насока на пониски каматни стапки и генерално подобри услови. Разбирливата логика беше дека и здравствената криза но и финансиските проблеми на домаќинствата и компаниите се привремени. Но како што трае пандемијата многу држави сфатија дека е неопходно да се продолжат овие мерки до 2021 година.

Покрај привремениот мораториум, многу држави ги олесниија банкарските регулативи во однос на резервации за лошите пласмани и класификација на кредитите како нефункционални. Исходот од овие промени е дека постојното ниво на нефункционални кредити веројатно е потценето, и тоа, за голем број земји, значително. Во многу случаи, финансиските институции може да бидат недоволно подготвени да се справат со ударот во нивните биланси. Меѓувреме, полабаво регулираниот не-банкарски финансиски сектор има уште поголема ризична изложеност (надополнета со послаби обврски за известување).

Дополнително на овие случувања во приватниот сектор, во 2020 година имаше рекорден број на намалувања на кредитниот рејтинг на државите (види ја сликата подолу). Иако не се поштедени ниту развиените земји, последиците кон банките се многу поизразени во земјите во развој и растечките пазари каде што државните кредитни рејтинзи се Baa или близу до тој рејтинг. Во поекстремните случаи на банкрот на држава или преструктуирање – и таквите кризи се зачестуваат – банките ќе претрпат загуби поради државните обврзници кои ги поседуваат.

Како што тврдев во март 2020 година, дури и ако една или повеќе ефективни вакцини веднаш ја победат пандемијата, Ковид-19 кризата сериозно ја наруши глобалната економија и билансите на финансиските институции. Политиките за одложување на наплатата беа важна стимулативна алатка надвор од вообичаениот домен на фискалните и монетарните политики. Но, грејс периодите ќе завршат во 2021 година.

> Дури и ако една или повеќе ефективни вакцини веднаш ја победат пандемијата, КОВИД-19 сериозно ја наруши глобалната економија и билансите на финансиските институции.“



СЛИКА НАД:КАРМЕН М. РАЈНХАРТ

СЛИКА ГОРЕ: ПРАЗНИ КАНЦЕЛАРИСКИ КУЛИ ВО ЛОНДОН СРЕДЕ ВТОРИОТ „ЛОКДАУН“

Како што се нагласува во Извештајот за финансиска стабилност на Федералните резерви на САД од ноември 2020 година, заморот од политики или политичките ограничувања сугерираат дека претстојните фискални и монетарни стимули во САД нема да бидат од ист размер како на почеток од 2020 година. Многу од земјите во развој или растечките пазари се веќе на границата на нивните монетарни можности. Како што ќе тече 2021 година, ќе стане појасно дека голем број компании и домаќинства наместо со неликвидност ќе се соочат со несолвентност.

Високото ниво на задолженост на компаниите во пресрет на пандемијата ги зголеми проблемите во билансите на финансискиот сектор. Корпорациите од двете најголеми економии во светот, САД и Кина, се високо задолжени и вклучуваат многу високо-ризични должници. Во повеќе наврати Европската централна банка изрази загриженост за растечкото ниво на нефункционални кредити во еврозоната, додека пак ММФ често предупредуваше во растечките пазари на значително зголемување на корпоративниот долг деномиран во долари. Дополнителна причина за грижа во многу делови од светот е изложеноста кон комерцијалните недвижности и угостителскиот сектор.

Потребно е време да се подобрат нарушените биланси. Преголемото задолжување во минатото често резултира во долг период на делеверџ, со тоа што финансиските институции стануваат многу попретпазливи во однос на нивните кредитни политики. Оваа измеѓу-фаза, вообичаено придружена со слабо закрепнување, може да трае со години. Некогаш, овие финансиски кризи прераснуваат во криза на јавните финансии, бидејќи спасувањето на банките го трансформира пред-кризниот приватен долг во обврски на јавниот сектор.

Првиот чекор кон справување со финансиската кревкост е да се препознаат обемот и сериозноста на проблемот, а потоа експедитивно да се преструктуираат и отпишат лошите пласмани. Алтернативата – канализирање на ресурси во зомби кредити – е рецепт за одложено закрепнување. Со оглед на веќе огромните економски и социјални трошоци од пандемијата, избегнувањето на ова сценарио мора да биде прв приоритет за носителите на политики во светот.

Кармен М. Рајнхарт, Главен економист во Светска банка

ЧЕКОРЕЊЕ ЗАЕДНО

Пресвртна година за Европа

ЖОЗЕП БОРЕЉ

Висок претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедносни политики и потпретседател на Европската комисија.

Во 2020 година, луѓето во целиот свет го доживуваат животот како забавена снимка и покрај тоа што политичките настани се одвиваат со забрзано темпо. За Европската унија, справувањето со кризата предизвикана од КОВИД-19 се покажа тешка, но и покрај бројните спротивставени ставови, Европејците не само што се здружија, туку и постигнаа напредок заедно, создавајќи покохезивен блок. Во 2021 година, глобалната соработка треба да се врати на голема врата и ЕУ треба да продолжи со моделот на „стратешка автономија“, за да може да ги заштити своите граѓани и интереси во годините и деценииите што претстојат.

Очигледно е дека 2020 година претставува пресвртница. Всушност, светот веќе неколку години минува низ тектонски поместувања, меѓу кои се и растечката недоверба на јавноста, политиките на поларизација и идентитет, слабиот економски раст, зголемувањето на долговите и продлабочувањето на нееднаквоста. Гледаме како меѓусебната зависност се претвора во оружје. Трговијата, технологијата, инвестициите, туризмот и другите поранешни места за продлабочување на соработката станаа инструменти на моќ и домени на интензивна конкуренција.

Ова беше големата слика што ја видовме ние во раководството на ЕУ, кога ја презедовме функцијата во декември 2019 година, непосредно пред условите да станат уште потешки. За Европејците, изгледаше како сè што ни е важно да се доведува под знак прашалник, било да е тоа мултилатералната соработка; солидарноста меѓу земјите, генерациите и поединците; па дури и основното почитување на фактите и науката. Згора на неколкуте кризи што тлеат во соседството на ЕУ и ескалацијата на тензиите помеѓу САД и Кина, ненадејно нè погоди КОВИД-19, што ги засили сите други подолгорочни предизвици со кои се соочува Европа.

Пандемски стрес-тест

Неспорно е дека ЕУ тешко се снаоѓаше на самиот почеток на пандемијата. Не бевме подготвени, а и првиот импулс на многу земји членки беше да се остави секој да се грижи за себе. Меѓутоа, за кратко следеа вистински акти на солидарност, при што многу земји преземаа пациенти и испраќаа опрема за итни случаи до земјите на кои им беше најпотребна. Потоа започнаа мерките на ниво на ЕУ. Европската централна банка обезбеди голема ликвидност, а Европската комисија ги овласти земјите членки да акумулираат значителни дефицити за поддршка на нивните економии.

Дискусијата брзо преј де на тоа како ЕУ може да обезбеди фискална поддршка за најтешко погодените земји, и овие дебати кулминираа со историскиот „фонд за закрепнување". Невидени 1,8 билиони евра (2,1 билиони американски долари) беа издвоени за нов инструмент „Следната генерација на ЕУ" и за следниот седумгодишен буџет на блокот. Покрај тоа, беа разбиени две долготрајни застарени принципи на економската политика. За прв пат, лидерите на ЕУ се согласија да одобрат заеднички долг од големи размери и да дозволат фискални трансфери, под услов трошењето да се усогласи со двојните приоритети за финансирање на транзицијата кон еколошка одржливост (зелена

СЛИКА НАД: ЖОСЕП БОРЕЉ Е ВИСОК ПРЕТСТАВНИК НА ЕУ ЗА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА И БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА.

СЛИКА ГОРЕ: ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА, УРСУЛА ФОН ДЕР ЛЕЈЕН

€1.8tr

СУМА АЛОЦИРАНА ЗА „СЛЕДНАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА ЕУ" ФОНДОТ И БУЏЕТОТ ЗА СЛЕДНИТЕ СЕДУМ ГОДИНИ.

транзиција) и обезбедувањето дигитална иднина на Европа.

На меѓународен фронт, позицијата на ЕУ е јасна: на свет што се бори со пандемија му требаат мултилатерални решенија. Го почитувавме ова мото дури и кога другите чекореа сами. Виртуелната конференција во мај 2020 година, на која дадовме заложби за собирање средства за истражување на вакцините, беше совршен приказ на единствените предности на ЕУ. Додека САД и Кина, народски кажано, се беа фатиле за гуша, Европа го презеде водството во справувањето со ова критично прашање. Освен тоа, го сторивме тоа на начин што во суштина е европски (може да се нарече „Мултилатерализам 2.0“), работејќи не само со владите, туку и со фондациите и со приватниот сектор.

По завршетокот на летото, Европа доживеа втор бран зарази и се соочи со повторно воспоставување на рестрикции на движење и затворање несуштински бизниси. Иако имаме далеку повеќе знаење за КОВИД-19 и како да се лекува, „заморот од пандемијата“ е широко распространет. Уште полошо, првите знаци на повторно заживување на економијата се чини дека згаснуваат, што укажува на тоа дека кризата ќе продолжи да доминира со нашите животи со месеци, а можеби и со години. Со оглед на тоа, мора да продолжиме со мобилизација во сите релевантни области, од јавното здравство и економијата до безбедноста и глобалното управување.

Нов момент за мултилатерализмот

Ревитализацијата на мултилатерализмот ќе биде врвен приоритет на ЕУ за 2021 година. Очигледно, не можеме да го постигнеме ова сами. Меѓутоа, прогнозираме дека ќе имаме повеќе партнери во годината што претстои отколку во 2020 година. Откако Џо Бајден ќе ја преземе претседателската позиција од Доналд Трамп, се очекува САД да се приклучат на Парискиот климатски договор, да ја обноват поддршката за Светската здравствена организација, повторно да се приклучат на Иранскиот нуклеарен договор и да заземат поконструктивен став во рамките на Светската трговска организација.

Враќањето на Америка на глобалната сцена ќе послужи како охрабрувачки стимул за мултилатерализмот. Се надеваме дека и другите земји, вклучувајќи ги Кина и Русија, ќе го следат примерот и ќе го заменат нивниот селективен пристап што им служи само ним, со мултилатерална соработка во ООН и пошироко.

Јасно е дека повиците за „соработка заснована на правила“ не звучат толку инспиративно како бомбастичните апели „да ја вратиме контролата во наши раце“. Со помош на мултилатерализмот, мора да обезбедиме конкретни резултати за граѓаните. Никој нема да биде безбеден сè додека не добиеме сигурна вакцина, затоа најважните прашања за вакцинацијата се: кој ќе добие што, кога и како. Постои сериозен ризик од „вакцински национализам“ или „вакцинска дипломатија“, односно ситуација во која богатите и моќни земји ќе се истуркаат да бидат први во редот. На почетокот на 2020 година, некои земји користеа „дипломатија на маски“ за да добијат политички отстапки во замена за критично потребната опрема за лична заштита. ЕУ ќе инсистира на пристап што е спротивен на ова: вакцините мора да се третираат како глобално јавно добро и да се дистрибуираат врз основа на медицински потреби.

Вториот голем мултилатерален приоритет за 2021 година се климатските промени, друга област во која ЕУ покажа лидерство. Откако веќе поставивме цел за постигнување јаглеродна неутралност до 2050 година, блиску сме до договор за обврзувачка заложба за намалување на емисиите на стакленички гасови (GHG) за 55% до 2030 година. Покрај тоа, се чини дека овие напори инспирираа и други: Кина ја соопшти својата намера да стане јаглеродно неутрална до 2060 година, а Јапонија и Јужна Кореја рекоа дека ќе го сторат тоа до 2050 година. Сега е потребно да се вклучат и САД, Индија, Русија, Бразил и други големи испуштачи на јаглерод.

Климатските промени се егзистенцијалниот предизвик на нашето време. Како и со КОВИД-19, знаците за предупредување се видливи за сите и постои солиден научен консензус за потребните чекори. Разликата, се разбира, е во тоа што никогаш нема да има вакцина за климатски промени. Значи, мора да ја израмниме кривата на емисиите на стакленички гасови што е можно побрзо.

Европска стратешка автономија

Паралелно со водењето мултилатерализам, мора да изградиме капацитет да дејствуваме автономно кога е потребно. Како што се изјаснив пред една година, Европејците мора да се соочат со светот каков што е, а не каков што посакуваме да биде. ЕУ мора „да научи да зборува на јазикот на моќта“.

Пандемијата ја истакна потребата за европска стратешка автономија, концепт што потекнува од одбраната, но сега се протега и во јавното здравство и во многу други области. Научивме на потешкиот начин дека зависењето од само неколку снабдувачи на критична стока си има своја цена, особено кога снабдувачот е земја чијшто систем на вредности во суштина е спротивен со нашиот. Решението за овој проблем е диверзификација и пократки синџири на снабдување кога се потребни.

> Поентата не е пропагирање автаркија или протекционизам, туку заштита на нашата политичка независност...“

Ова не се однесува само на пропусти на пазарот за медицинските материјали. Стратешката автономија е за тоа како Европа може да се справи со ранливите страни во широк опсег на области – од критични технологии и инфраструктура (како што се дигиталните мрежи и обработка во облак (cloud computing) до ретки почви и суровини потребни за зелената транзиција. Мора да избегнеме прекумерна зависност од надворешни добавувачи во овие стратешки сектори. Поентата не е пропагирање автаркија или протекционизам, туку заштита на нашата политичка независност, за да можеме и понатаму самостојно да одлучуваме за нашите избори и иднина.

Воспоставивме некои елементи на оваа стратегија во 2020 година. Европа сега има механизам за проверка на странски инвестиции, а започнавме и да ги решаваме дисторзивните ефекти на странските субвенции. Исто така, ја зајакнуваме меѓународната улога на еврото и подготвуваме дополнителни мерки за прашања како што се државните набавки. Како што стојат работите, пазарот за набавки на ЕУ е речиси целосно отворен, додека други пазари и натаму се речиси целосно затворени. Мора да обезбедиме реципроцитет или да преземеме чекори за повторно да воспоставиме рамнотежа.

Стратешката автономија важи и за сајбер прашања. Како може Европа да управува со податоците? Мора да ја избегнеме дихотомијата според која податоците припаѓаат или на платформите на големите технолошки компании (со ниско ниво на владин надзор) или на државата (вклучително и нејзината врска со безбедносните служби). Најновата законска уредба на ЕУ што уредува технолошки прашања беше Општата регулатива за заштита на податоци, усвоена во 2018 година, а оттогаш многу работи се сменија.

Ова се само некои од многуте предизвици со кои ЕУ ќе треба да излезе на крај во 2021 година. Процесот ќе биде напорен, но ќе излеземе посилни ако останеме фокусирани на два приоритети што се надополнуваат еден со друг: ревитализација на мултилатерализмот и зајакнување на стратешката автономија.

Жосеп Борељ е висок претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедносни политики и потпретседател на Европската комисија.

Кревко закрепнување во 2021

НУРИЕЛ РУБИНИ

Професор по економија на Стерн школата за бизнис при Њујоршкиот универзитет.

До крајот на 2020 година, финансиските пазари – претежно во САД – достигнаа ново највисоко ниво, поради надежите дека вакцина за Ковид-19 која што ќе биде наскоро готова ќе создаде услови за брзо закрепнување во форма на V. Покрај тоа, со тоа што главните централни банки на високо-развиените економии кои одржуваат ултра-ниски каматни стапки и неконвенционални монетарни и кредитни политики, акциите и обврзниците добија дополнителен поттик.

Но овие трендови го проширија јазот помеѓу Вол Стрит и Мејн Стрит, покажувајќи закрепнување на реалната економија во форма на К. Оние со повисоки стабилни приходи кои можат да работат од дома и да ги користат своите заштеди немаат проблем; но оние кои се невработени или привремено вработени на несигурни ниско платени работни места имаат голем проблем. Притоа пандемијата ќе доведе до поголеми социјални немири во 2021 година.

Во годините пред Ковид-19 кризата, 84 од богатството во акции во САД беше во сопственост на 10% од акционерите (и 51% на најбогатите 1%), додека најсиромашните 50% скоро да не поседуваат ниту една акција. Најбогатите 50 милијардери во САД беа побогати од 50% од населението (група од околу 165 милиони луѓе). Ковид-19 ја забрза оваа концентрација на богатство, бидејќи она што е лошо за Мејн Стрит е добро за Вол Стрит. Со ослободување од добро платени работни позиции и потоа ангажирање на работници на хонорарна, привремена или работа со скратено работно време, компаниите можат да ја зголемат својата добивка и цената на акциите; со текот на времето, ваквите трендови ќе се засилат со зголеменото користење на вештачка интелигенција и машинско учење (AI/ML) и други капитално-интензивни технологии базирани на вештините кои ќе заменат физичка работа.

Што се однесува пак до развојните пазари и земјите во развој, Ковид-19 не предизвика само рецесија туку и она што Светска банка го нарекува „пандемична депресија“, враќајќи над 100 милиони луѓе на работ на екстремната сиромаштија (со помалку од 2 американски долари на ден).

320%

ГЛОБАЛЕН ДОЛГ КАКО ПРОЦЕНТ ОД БДП ЗА 2019 ГОДИНА

365%

ГЛОБАЛЕН ДОЛГ КАКО ПРОЦЕНТ ОД БДП ЗА 2021

Откако беше во слободен пад во првата половина од 2020 година, во третиот квартал, светската економија почна да бележи закрепнување во форма на V, но само поради тоа што многу економии прерано се отворија. Веќе до четвртиот квартал, поголемиот дел од Европа и Велика Британија се движат кон двојна рецесија во форма на W по враќањето на драконските затворања. Дури и во САД, каде што има помал политички интерес за нови рестрикции поради пандемијата, растот од 7.4% во третиот квартал најверојатно ќе биде проследен со раст од 0.5%, во најдобро сценарио во последниот квартал од 2020 година и првиот квартал од 2021 година – просечно закрепнување во форма на U.

Повторната појава на одбивност кон ризик кај американските домаќинства се преточи во намалено трошење – а со тоа и помалку вработувања, производство и капитални трошоци. Високите долгови во корпоративниот сектор и кај домаќинствата подразбира зголемено ослободување од задолженоста, што ќе ја намали потрошувачката, како и зголемено неподмирување на обврските, што ќе доведе до кредитна криза како резултат на зголемувањето на нефункционалните заеми во портфолијата на банките.

Глобално, приватниот и јавниот долг се зголеми од 320% од БПД во 2019 година на неверојатни 365% од БДП на крајот на 2020 година. Засега, политиките на евтини пари спречија бран на банкроти на фирмите, домаќинствата, финансиските институции, и цели држави, но на крајот овие мерки ќе доведат до повисока инфлација како резултат на стареењето на населението и негативните шокови во понудата што ќе произлезат од кинеско-американското разделување.

Без разлика дали големите економии ќе имаат закрепнување во форма на W или U, ќе останат трајни последици. Намалувањето на капиталните трошоци трајно ќе го намалат потенцијалниот аутпут, а работниците кои се долг период невработени или недоволно вработени ќе имаат помала шанса за вработување во иднина. Овие услови потоа ќе се канализираат во политичка реакција од новиот „прекаријат“, потенцијално дополнително поткопувајќи ја трговијата, миграцијата, глобализацијата и либералната демократија.

Дури и да е можно брзо и правично да се вакцинираат сите 7.7 милијарди луѓе на светот, вакцините против Ковид-19 нема да ги подобрат сите овие форми на незадоволство. Но, ова е тешко остварливо имајќи ги предвид логистичките потреби (вклучително и ладилниците) и растечкиот „национализам за вакцини“, како

84%

БОГАТСТВО ВО АКЦИИ ПОСЕДУВАНО ОД ТОП **10%** ВО САД

51%

БОГАТСТВО ВО АКЦИИ ПОСЕДУВАНО ОД ТОП **1%** ВО САД

и ширењето дезинформации помеѓу јавноста против вакцините. Дополнително, најавите дека водечките вакцини имаат ефикасност од над 90% се засноваат на прелиминарни, нецелосни податоци. Според научниците кои што ги консултирав, треба да бидеме среќни ако првата генерација вакцини против Ковид-19 се макар и 50% ефикасни, како што е случајот со годишните вакцини против грип. Всушност, сериозните научници изразуваат скептицизам во врска со тврдењата за 90% ефективност.

Што е уште пострашно, постои и ризик повторно да имаме раст на случаи на заразени од Ковид-19 на крајот на 2021 година откако „вакцинираните" луѓе (кои можеби сè уште ќе бидат заразни и без имунитет) ќе почнат да се впуштаат во ризични активности како поголеми групирања во затворени простории без маски. Како и да е, ако вакцината на Фајзер е нашиот спас, тогаш зошто нивниот Генерален директор продаде акции во вредност од милиони долари на истиот ден кога неговата компанија ги објави резултатите од нивното успешно тестирање?

На крај, тука е и важниот политички настан за 2020 година: изборот на Џо Бајден за Претседател на САД. За жал, ова нема да направи голема разлика за економијата, бидејќи опструкциите од републиканците во Конгресот ќе ги спречат САД да спроведат сериозен стимулативен пакет каков што е потребен. Бајден нема да може да се расфрла на „зелена" инфраструктура, ниту да ги зголеми даноците за корпорациите и богатите, ниту пак да се приклучи кон нови трговски договори како следбеник на Транс-пацифичкото партнерство. Дури и САД повторно да се приклучи кон Парискиот договор против климатските промени и ги подобри своите партнерства, новата администрација ќе биде ограничена во она што може да постигне.

Новата студена војна помеѓу САД и Кина ќе продолжи да ескалира, можеби дури и до воен судир за Тајван или контрола на Јужното кинеско море. Без разлика кој е на власт во Вашингтон или Пекинг, „Стапицата на Тукидид" е поставена, подготвувајќи го теренот за судир помеѓу постоечкиот хегемон кој слабее и новата растечка моќ. Како што ќе се засилува трката за контрола на индустриите на иднината, ќе дојде до уште поголем разделување на податоците, информациите и финансиските текови, валути, платформи за плаќања и трговија на добра и услуги што ќе користат 5Г, AI/ML, големи податоци, Интернет на нештата, компјутерски чипови, оперативни системи, и други нови технологии.

Со текот на времето, светот ќе биде строго поделен помеѓу два конкурентни системи – еден контролиран од САД, Европа и неколку демократски пазари во развој; другиот контролиран од Кина, која дотогаш ќе има контрола и над своите стратешки партнери (Русија, Иран и Јужна Кореја) и широк спектар на зависни пазари и земји во развој.

КОНТЕЈНЕРИ ЗА ТРАНСПОРТ НА ПРИСТАНИШТЕ ВО ИСТОЧНАТА ПРОВИНЦИЈА ВО КИНА, ЏИАНГСУ.

Помеѓу балканизацијата на глобалната економија, постојната закана од популистички авторитаризам во услови на продлабочена нееднаквост, заканата од зголемена технолошка невработеност поради развојот на вештачка интелигенција, растечките геополитички конфликти, и се почестите и потешки катастрофи предизвикани од луѓето и од глобалните климатски промени и зоонозните пандемии (кои делумно се предизвикани и од уништувањето на животинските екосистеми), наредната деценија ќе биде период на кревкост, нестабилност и евентуално хаос кој ќе потрае. 2020 година беше само почеток.

Нуриел Рубини, Генерален извршен директор на Roubini Macro Associates и водител на емисијата NourielToday.com, професор по економија на Стерн школата за бизнис при Њујоршкиот универзитет.

Како може КОВИД-19 да го промени светот?

ЏЕРЕД ДАЈМОНД

Професор по географија на Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес

Во моментов, КОВИД-19 го разорува светот. Вирусот е во процес на инфицирање на многумина (можеби дури и повеќето) од нас, со смртни последици за дел од заболените, прекинување на нашите вообичаени друштвени односи, запирање на повеќето меѓународни патувања и блокирање на економиите и трговијата. Каков ќе биде светот по неколку години, откако оваа акутна криза ќе исчезне?

Општата претпоставка е дека наскоро ќе се развијат вакцини што ќе нè заштитат од КОВИД-19. За жал, таа можност останува многу неизвесна. Болестите се разликуваат во нивниот потенцијал да се спречат со вакцини.

Некои вакцини, на пример вакцините против сипаници и жолта треска, обезбедуваат заштита што трае со децении или доживотно; додека вакцината против грип нуди заштита што трае помалку од една година. Воедно, сè уште нема вакцини против маларија и СИДА, и покрај огромните напори што беа вложени во нивниот развој. Грипот често мутира или неговите различни видови се менуваат пропорционално, така што секоја година мора да се прави нова вакцина. И додека вакцините против полио и сипаници ги штитат сите, вакцините против грип и колера штитат само околу половина од оние кои ги примаат. Поради тоа, невозможно е да се предвиди ефикасноста на надежните вакцини против КОВИД-19.

Еве, да претпоставиме дека наскоро ќе има достапни ефективни вакцини против КОВИД-19. Како тоа ќе го промени светот? Научници од многу земји како Кина, САД, Русија, Велика Британија и други, брзаат што побргу да ги развијат. Ова значи дека може да се случи најлошото сценарио, најдоброто сценарио и сè помеѓу тие две крајности.

> Дури и краткорочно гледано, ниту една земја не може трајно да се заштити од КОВИД-19 преку елиминирање на болеста во рамките на нејзините граници.

Веќе има многу знаци на почеток на најлошото сценарио. Дури и ако некоја земја развие вакцина, ја тестира и утврди дека е ефикасна, 7,7 милијарди дози за 7,7 милијарди луѓе во светот не можат да се произведат и дистрибуираат ширум светот преку ноќ. На почетокот, количините ќе бидат мали. Кој ќе ги добие тие први посакувани дози? Има разумни предлози првите дози да бидат резервирани за здравствените работници, оти на сите ни се потребни здравствените работници за да им дадат вакцина на останатите и да се грижат за болните луѓе. За луѓето кои не се здравствени работници, може да се очекува дека богатите, влијателни луѓе ќе најдат начини да набаваат дози пред сиромашните луѓе кои немаат некакво посебно влијание.

БОЛНИЧКИ КРЕВЕТИ ВО ВУХАН.

ПАРКИРАНИ БРОДОВИ НА БРЕГОВИТЕ НА РЕКАТА БУРИГАНГА ЗА ВРЕМЕ НА КАРАНТИНОТ ВО БАНГЛАДЕШ.

Меѓутоа, тие себични размислувања се однесуваат само на распределбата на дозите во рамките на земјата која прва ќе развие ефективна вакцина. Постои и веројатност за меѓународна себичност, односно земјата што ќе развие вакцина сигурно ќе ги стави своите граѓани на прво место. Ваквата приоритизација веќе се случи во однос на маските за лице: пред неколку месеци, кога имаше многу малку маски на располагање и кога некои пратки од Кина стигнаа до Европа, следеа расправии и наддавања, бидејќи земјите сакаа да обезбедат залихи за себе. Уште полошо, првата земја што ќе развие вакцина може да не дозволи нејзините политички или економски ривали да ја добијат вакцината.

Откако ќе размислиме, ќе согледаме дека себичните национални политики би биле самоубиствени. Дури и краткорочно гледано, ниту една земја не може трајно да се заштити од КОВИД-19 преку елиминирање на болеста во рамките на нејзините граници. Во денешниот глобализиран свет, КОВИД-19 постојано би се враќал во земјата од други земји каде што вирусот сè уште не е искоренет.

Тоа веќе им се случи на Нов Зеланд и Виетнам, каде строгите мерки го запреа локалното пренесување, но со патниците што се враќаа од други земји се внесуваа и нови случаи на КОВИД-19. Од ова извлекуваме клучен заклучок: ниту една земја нема да биде безбедна од КОВИД-19 додека останатите не се безбедни. Тоа е глобален проблем кој бара глобално решение.

> Климатските промени, исцрпувањето на ресурсите и нееднаквоста претставуваат многу посериозни закани за нашиот опстанок и квалитетот на животот отколку сегашната пандемија. во рамките на нејзините граници.

За мене, овој факт е добра вест. Соочени сме со други глобални проблеми кои бараат глобални решенија: особено климатските промени, исцрпувањето на ресурсите низ целиот свет и дестабилизирачките последици од нееднаквоста меѓу земјите во нашиот глобализиран свет. Исто како што ниту една земја не може да гарантира дека вечно ќе биде слободна од КОВИД-19 само поради тоа што го елиминирала вирусот во рамките на своите граници, ниту една земја не може да се заштити од климатските промени само со намалување на зависноста од фосилни горива и намалување на сопствените емисии на стакленички гасови. Атмосферскиот јаглерод диоксид, исто како и КОВИД-19, не познава политички граници.

Меѓутоа, климатските промени, исцрпувањето на ресурсите и нееднаквоста претставуваат многу посериозни закани за нашиот опстанок и квалитетот на животот отколку сегашната пандемија. Дури и во најлошото сценарио, ако секој човек на Земјата е изложен на КОВИД-19 и како резултат на тоа 2% од нас умрат, тоа би биле „само“ 154 милиони смртни случаи. Што значи 7 546 000 000 луѓе ќе преживеат: далеку повеќе од доволно за да се обезбеди човечки опстанок. КОВИД-19 е игра во споредба со опасностите што ги носат со себе климатските промени, исцрпувањето на ресурсите

ДЕТЕ ПРИМА ВАКЦИНА ВО БРАЗИЛ.

> За прв пат во човековата историја, луѓето во светот се принудени да осознаат дека сите се соочуваме со заедничка закана која никоја земја неможе да ја надмине сама по себе."

и нееднаквоста за сите нас.

Зошто, тогаш, досега не најдовме за сходно жестоко да дејствуваме против климатските промени и другите глобални закани, а воведовме строги мерки против поблагата закана од КОВИД-19? Одговорот е очигледен: КОВИД-19 го привлекува нашето внимание со тоа што брзо ги разболува или убива своите жртви (за неколку дена или недели) и јасно може да се заклучи дека причината за тоа е токму КОВИД-19. Спротивно на тоа, климатските промени нè уништуваат полека и многу е потешко да се направи точна причинско-последична врска, преку индиректни последици како што се намаленото производство на храна, гладот, екстремните временски прилики и ширењето на тропски болести во умерените зони. Поради тоа, потребно ни е долго време да ги препознаеме климатските промени како глобална закана што бара глобален одговор.

Затоа пандемијата со КОВИД-19 ми дава надеж, иако жалам за загубата на драги пријатели за кои вирусот имаше смртни последици. За првпат во историјата на светот, луѓето од цел свет се принудени да признаат дека сите се соочуваме со заедничка закана што ниту една земја не може да ја надмине сама по себе. Ако народите во светот се здружат поради притисокот да го победат КОВИД-19, можеби ќе извлечат поука. Можеби ќе добијат мотивација да се здружат поради притисокот да ја победат борбата против климатските промени, исцрпувањето на ресурсите и нееднаквоста. Во тој случај, КОВИД-19 нема да донесе само трагедија, туку и спас, со тоа што конечно ќе ги придвижи народите на светот во одржлива насока.

Џеред Дајмонд, професор по географија на Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес, е добитник на Пулицерова награда, автор на Guns, Germs, and Steel, Collapse, и други меѓународни бестселери.

НЕ ПОСТОИ „ПЛУКНИ-ЗАЛЕПИ“ РЕШЕНИЕ ЗА КОВИД

ВИЛИЈАМ А. ХАСЕЛТИН

Претседавач и претседател на глобалната експертска група за здравство ACCESS Health

КОВИД-19 како силна бура ја зафати целата планета во 2020 година. Прво удри во Азија, а потоа се разбранува низ цела Европа и Америка, предизвикувајќи нешто се чинеше како бесконечен бран на тага. Со секоја пресвртница што ја поминавме – првите 100 смртни случаи во јануари, проследени со првите 1 000 во февруари, 10 000 во март, 100 000 во април и еден милион заклучно со септември – постојано се поставуваше прашањето кога ќе заврши ова.

И покрај вирулентноста на вирусот, многумина едноставно претпоставуваат дека пандемијата ќе заврши некаде во 2021 година. Но, таквите надежи се неосновани. Контролирањето на една епидемија вклучува четири основни компоненти: лидерство, управување, општествена солидарност и медицински сет алатки. Повеќето земји денес не успеаја по првите три точки, а со тоа речиси направија да биде извесно дека КОВИД-19 ќе остане со нас во текот на следната година.

Најверојатно, зимата на северната хемисфера ќе донесе нагло зголемување на новозаразени и на смртни случаи. Загубите ќе бидат особено изразени во Европа и Северна Америка, каде што дневната стапка на инфекција веќе забрзано растеше во средина на есента. Потоа, како што времето ќе почне да се затоплува на север, во Јужна Америка ќе паднат температурите, што ќе донесе уште еден епидемиски бран.

Што се однесува до четвртата компонента на контролирање на епидемијата, многумина претпоставуваат дека за кратко ќе добиеме вакцина или лек со кој ќе се спасат животи. Точно е дека пандемијата го истакна најдоброто во науката и медицината. Истражувачите ширум светот се движеа побрзо и соработуваа поблиску од кога било порано, идентификувајќи го вирусот, мапирајќи го неговиот генетски состав и работејќи на потенцијални вакцини и лекови. Но, дури и со овие неверојатни успеси, има само мала шанса да добиеме вакцина или безбеден лек кои ќе бидат достапни за сите и ќе бидат доволно ефективни за да се запре пандемијата пред крајот на 2021 година.

Во времето кога е напишан текстов, на крајот на 2020 година, допрва треба да видиме објавени резултати за кој било од кандидатите за вакцини кои во моментов се во напредни клинички испитувања. Фармацевтските компании се надежни, но нивните соопштенија за медиумите се нецелосни во однос на податоците.

Врз основа на она што го знаеме денес, можеме да бидеме сигурни дека ниту една од вакцините што се развиваат нема да спречи заразување ниту ќе обезбеди имунитет што ќе трае доживотно. Во најдобар случај, тие ќе ги ограничат симптомите на заразените и ќе го минимизираат бројот на случаи со КОВИД-19 кои преминуваат во тешка болест. Покрај тоа, за вакцините што моментално се во фаза на развој може да бидат потребни повеќекратни дози, а може да биде потребно и до два месеци пред да започнат ефектите од вакцината.

Слично на тоа, нема за кратко време да видиме животно-спасувачки лекови за заболените со КОВИД-19. Лековите кои првично беа пречекани со фанфари – ремдесивир, конвалесцентна плазма и дексаметазон – се покажа дека немаат никакво влијание врз вкупната стапка на заболување или смртност. А за лековите со поголем терапевтски потенцијал, како моноклоналните антитела, треба да чекаме уште многу месеци, и на крај може да се покаже дека се премногу скапи за да бидат широко достапни.

Во отсуството на брз лек, засилена е потребата за лидерство, управување и општествена солидарност. Политичките лидери мора да прифатат целосна одговорност за загубените животи. Помалку од три недели откако научниците го идентификуваа вирусот, а по првата пријавена смрт во Вухан, кинескиот претседател Ши Џинпинг стави во карантин 57 милиони кинески граѓани во провинцијата Хубеи, забранувајќи им да патуваат во други региони или да ги напуштаат своите домови, освен за основни потреби.

Кина покажа дека бројот на нови случаи може да се преполови за само две недели, преку стандардни мерки како што се задолжително носење маски, социјално дистанцирање и задолжителен карантин и изолација. Спротивен пример на тоа покажаа земјите како Бразил, Велика Британија и САД, каде политичките лидери не ја сфатија заканата доволно сериозно во обидите да спроведат соодветни мерки.

Многу коментатори го припишаа успехот на Кина на тоталитаризмот, но системот на управување на една земја не е всушност решавачкиот фактор. Многу е поважно дали политичките лидери се подготвени да прифатат краткорочни економски загуби и да жртвуваат разни секојдневни погодности за безбедноста на своите граѓани. Во Нов Зеланд и Австралија,

ЛАБОРАТОРИСКО ОБРАБОТУВАЊЕНА КОВИД ТЕСТ ВО ШПАНИЈА

и двете земји кои претставуваат силни демократии, смелото лидерство и силното управување ја доведоа бројката на нови случаи речиси на нула, а политичките лидери како премиерката на Нов Зеланд, Џасинда Ардерн, соодветно беа наградени на изборите.

Првата година од справувањето со КОВИД-19 нè научи дека непланските и нецелосни мерки само ја засилуваат пандемијата. Националните и глобалните кризи бараат национална и глобална координирана акција. САД, Велика Британија, Бразил и другите земји што заостанаа, доживеаја неуспех по двете точки. Вистина е дека некои земји сè уште ја следат бесмислената идеја за имунитет на стадо, и покрај научните докази кои укажуваат дека не постои таква заштита за оваа болест. Постојат четири вообичаени (иако ретко спомнувани) корона вируси од кои заболува до 15% од светската популација секоја година и кои се враќаат секоја година, честопати повторно заразувајќи ги истите луѓе. Под претпоставка дека SARS-CoV-2 не е исклучок, секоја земја што ќе се надева на стратегија за имунитет на стадо ќе ги загрозува другите години секоја година.

Иако кинеската влада уште рано на почетокот направи неколку суштински погрешни проценки, исправно постапи со тоа што го предупреди остатокот од светот дека вирусот е преносив, се пренесува преку воздух и може да се контролира само преку драстични и брзи мерки. Земјите кои го игнорираа предупредувањето претрпеа најмногу штети, како на економски, така и на човечки план. Во меѓувреме, земјите што покажаа општествена солидарност во контролирањето на високиот пораст на бројките на новозаразени беа во можност повторно да ги отворат своите економии, но не секоја од нив ги отвори своите граници.

Сепак, на крајот, колективната реакција е само одраз на збирот на индивидуални активности. Во премногу земји, поединците стравуваат дека примената на заштитни мерки значи откажување од личните слободи. Сепак, во време на војна, кога опасностите се очигледни, луѓето многу пати покажале колку се подготвени да жртвуваат за своите сограѓани.

Очигледно е дека треба да се смени начинот на кој се соопштуваат пораките. Ние војуваме со овој вирус. Малкумина се сомневаат во важноста на личната слобода, но ова е време кога сите треба да се одрекнеме од одредени погодности заради оние околу нас.

Секој нов земјотрес, цунами или новонастаната болест нè потсетува дека природата е опасна сила. Една причина зошто голем број азиски земји реагираа побрзо и поефикасно против КОВИД-19, е затоа што тие сè уште добро се сеќаваат на SARS, H1N1 и птичјиот грип. Нивното искуство во последниве години покажува дека преку мерките за јавно здравје кои строго се применуваат преку силно лидерство, управување и општествена солидарност може брзо да се доведе пандемијата под контрола и да се ограничи бројот на жртвите.

Тоа е најголемата лекција за 2020 година. Доколку не се вклучи во националните политики во 2021 година, пандемијата може не само што ќе трае и следната година, туку и многу подолго од тоа.



МИКРОСКОПСКИ ПРЕГЛЕД НА КОРОНАВИРУСОТ.

ПЕШАЦИ СО МАСКА ВО ОДДЕЛОТ ШИНЏИКУ ВО ТОКИО.

Вилијам А. Хаселтин, научник, биотехнолошки претприемач и експерт за инфективни болести, е претседавач и претседател на глобалната експертска група за здравство ACCESS Health International.

РАЗДВОЕНИ

ЗАЕДНО

Да научиме како да живееме со КОВИД-19

ЕРИК БЕРГЛОФ

Одговорно лице за економски и финансиски анализи во Азиската банка

Како што расте бројот на новозаразени со КОВИД-19 во поголемиот дел од светот, многумина полагаат надеж дека со вакцината животот наскоро ќе се врати на старо. Пуста и нереална желба. Дури и ако се најде ефикасна вакцина, КОВИД-19 ќе остане околу нас во догледна иднина - барем во следните пет години. Ќе мора да најдеме начин да живееме со него.

САНИТАРЕН РАБОТНИК ВО ПИСА, ИТАЛИЈА.

ЖИВЕАЛИШТЕ ЗА БЕЗДОМНИЦИ - СО СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА, ВО МАНИЛА.

Постои меѓународен панел на научници и социјални научници, составен од „Велком траст" (Wellcome Trust), што неодамна разработи четири пандемски сценарија. Клучните варијабли го опфаќаат она што можеме да научиме за биологијата на SARS-CoV-2 (вирусот што ја предизвикува болеста КОВИД-19), како што се темпото на мутација и степенот до кој инфекцијата предизвикува антитела, и времето за кое ќе се развијат и дистрибуираат ефикасни вакцини, антивирусни лекови и други третмани.

Студијата разгледува како секое од овие четири сценарија би се одвивало во пет општи средини: земји со висок, среден и низок приход, како и конфликтни зони и ранливи средини како бегалски кампови и затвори.

Дури ни во најоптимистичкото од четирите сценарија, карактеризирано со релативно стабилен вирус, ефективни вакцини и подобрени антивирусни терапии, SARS-CoV-2 нема да се искорени во сите пет дадени средини во рок од пет години, иако пренесувањето на вирусот во заедницата може да се елиминира до одреден степен. А сè додека во една средина има епидемија на КОВИД-19, сите останати средини се ранливи.

Како што покажува студијата, за искоренување на вирусот и ставање крај на оваа вонредна здравствена состојба нема да биде доволна само вакцина што го намалува ширењето, туку треба и делотворно лекување и брзи, точни тестови. Овој сет на медицински алатки треба да биде достапен и финансиски пристапен за секоја земја и да се дистрибуира на начин на кој ќе се искористи глобалното искуство и ќе се ангажираат локалните заедници.

> За искоренување на вирусот и ставање крај на оваа вонредна здравствена состојба нема да биде доволна само вакцина што го намалува ширењето, туку треба и делотворно лекување и брзи, точни тестови."

Меѓутоа, во моментов, само една од деветте водечки кандидати за вакцини го запира ширењето на вирусот; другите имаат за цел само да ја ограничат сериозноста на КОВИД-19. Згора на тоа, и покрај тоа што третманите за умерени и тешки случаи се значително подобрени, тие и натаму се незадоволителни. И тестирањето има недостатоци, скапо е и подлежи на слабости во синцирот на снабдување.

Со ваков несовршен медицински сет алатки, нефармацевтските интервенции (НФИ), како што се социјалното дистанцирање и носењето маски, се од клучно значење. За среќа, повеќето земји ја препозна суштинската важност на навременото дејствување, наметнувајќи строги правила за заштита на јавното здравје, за прилично кратко време. Многу од нив исто така обезбедија силна економска поддршка, со цел да се заштитат животите и егзистенцијата во услови на целосно затворање и ограничено движење.

Меѓутоа, краткорочните итни мерки, како што се затворањето на сите несуштински бизниси и рестрикциите во движењето, не се одржливо решение. Само мал број земји, особено во регионите каде повеќето земји се во развој, можат да си дозволат да ги стават своите економии во мирување, да не ни зборуваме за тоа да ги применуваат тие препорачани политики сè до моментот на целосна дистрибуција на ефективна вакцина.

Ваквите мерки треба само да го забават ширењето и да овозможат доволно време за креаторите на политиките и здравствените работници да ги идентификуваат ранливите страни и, водени од информациите добиени од општествените науки, да направат иновативни среднорочни и долгорочни стратегии приспособени на локалните услови. За жал, времето досега не беше користено особено мудро во оваа насока, бидејќи креаторите на политики претпочитаат да ги копираат решенијата едни од други, наместо сознанијата да ги применуваат креативно, на начин на кој ќе се земат предвид локалните услови.

НФИ не се подеднакво соодветни за сите. Истото важи и за процесот на олабавување на овие интервенции, односно мерки. Како што неодамна сугерираше една група истражувачи, епидемиологијата мора да го води овој процес, во идеална ситуација надополнета со заклучоци од

НАЦРТАНИ КРУГОВИ КОИ ПОТТИКНУВААТ СОЦИЈАЛНО ДИСТАНЦИРАЊЕ ВО ПАРКОТ ДОЛОРЕС ВО САН ФРАНЦИСКО.

бихевиористичките науки.

Во пракса, ова значи дека земјите треба да ги олабават ограничувањата дури откако ќе имаат воспоставени системи за следење на развојот на состојбата во јавното здравство и за следење и мапирање на заразените лица. Извесен период, треба да постојат и други мерки за намалување на ширењето, како што е задолжителното носење маски за лице. Овие мерки мора да бидат поддржани со одржливи инвестиции во јавното здравство и капацитетот на здравствениот систем.

Исто така, мора да се земе предвид и политичката димензија на релевантните одлуки, на пример, за тоа дали да се отворат училиштата или да се дозволат големи собири. Лидерите мора да ги идентификуваат можните компромиси за нивните политики, и да разберат дека тие можат да изгледаат многу различно во зависност од економскиот, социјалниот и политичкиот контекст.

Начинот на кој се одбираат и спроведуваат политиките е од голема важност. За реакцијата да биде делотворна, мора да се дејствува како на индивидуално, така и на колективно ниво, луѓето треба да преземат одговорност за себе и за своите заедници. Во меѓувреме, како што покажаа земјите како Норвешка и Финска, финансирањето на привремени „прекинувачи на колото“, што е нешто што сите богати земји би можеле да си го дозволат, може да овозможи напредок во намалувањето на ширењето во заедницата.

Слаби политички лидери, како што е американскиот претседател Доналд Трамп, кои сметаат дека можат да ја избегнат болката и незадоволството предизвикани од ограничувањата, на крај се присилени да наметнат повисоки трошоци за нивното население. Погрешно постапуваат и оние кои се фокусираат на тоа дали кај другите е подобро или полошо, оти на сите ќе им биде подобро ако на другите им оди добро. Контрапродуктивно е и натпреварувањето за тоа кој ќе добие залихи на медицинска опрема и лекови, како и дози на вакцини што допрва ќе се произведуваат.

Значи, додека земјите поединечно мора да ги приспособат решенијата на локалните услови, борбата против КОВИД-19 во крајна линија мора да биде глобална. Мора да се насочат ресурси кон најранливите земји и групи на население. Ресурси, исто така, мора да продолжат да се распределуваат и да бидат достапни за други јавно-здравствени императиви, како што е борбата против маларијата.

Пандемијата веќе видливо ја засилува нееднаквоста меѓу земјите и нееднаквоста внатре во самите земји. Богатството претставува најмоќната заштита од КОВИД-19, бидејќи го олеснува социјалното дистанцирање и нуди речиси загарантирано квалитетна здравствена заштита. Но ваквите нееднаквости ја ослабуваат отпорноста на глобалната заедница. Најефективни интервенции се оние што ги штитат најранливите.

Во иднина, светот може да го има комплетниот сет алатки што му е потребен за искоренување на вирусот и ќе треба да се фокусира на градење на инфраструктурата и спроведување на логистичкиот капацитет за дистрибуција на сетот. Во меѓувреме, треба да престанеме да се надеваме на брзо враќање во „нормала“ и да започнеме со развој на сеопфатни, креативни и кооперативни стратегии за живот со КОВИД-19.

Ерик Берглоф е одговорно лице за економски и финансиски анализи во Азиската банка за инфраструктурни инвестиции.

Кон 2021 и потоа – големо глобално преструктуирање

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Доктор на економски науки и универзитетски професор.

На економиите им се потребни големи структурни реформи кон секторите од кои пандемиската криза има нужна потреба и тоа веднаш. Можеби пријателското бизнис опкружување со либерализиран пазар е патот по кој попрво треба да се започне да се оди.

Каков навистина ќе биде светот на краток и долг рок? Што нè чека во 2021 и потоа? Одговорите на овие прашања не се лесни и зависат од многу фактори од кои веројатно далеку најважниот е нивото на постоењето на страшната пандемија. Таа повторно го отвори проблемот со здравјето на луѓето но на многу поголема врата и многу побргу одошто било кој се надеваше или претпоставуваше, особено со проблемот со заразните болести. Во последниве неколку декади во поширокиот општествен и посебно во економскиот контекст здравјето на населението почна да се набљудува стеснето, најмногу како дел на квалитетот на човечкиот капитал, и веројатно подеднакво со нивото на образованието и знаењата на поединците и донекаде како проблем на очекуваното времетраење на животот и особено на здравјето во третото доба на човекот, заради брзиот процес на стареење на населението.

Но, човештвото во 2020 година, предизвикано од смртоносниот вирус, беше сериозно отрезнето од фактот дека заштитата на здравјето има и многу подиректно и побуквално значење а тоа е директното спречување или избегнување на многу неочекувана смрт или „здравствено затворање“ на цели делови од општествениот и личниот живот: производството на добра и услуги, потрошувачка на дотогаш секојдневните добра и особено голем број на услуги, образованието, патувањата, културата и многу други. На здравството повторно почна да се гледа на ортодоксен начин, а тоа е елементарното обезбедување на животот како таков и неговиот здравствен квалитет.

Светот и без пандемијата има многу економски проблеми

Тој приоритет, колку и да се обидуваме да го потцениме или избегнеме, уште долго ќе го опседнува човештвото бидејќи лесен излез од пандемијата, со или без вакцините во фаза на првична и сè уште недоволно испитана употреба, не може да има. Дополнителна грижа е што и без тоа светот има доволно проблеми. Економиите уште од 2008 година не можат да закрепнат на начин што ќе им обезбеди одржлив и задоволителен раст во услови на подобра и поправедна распределба на доходот. Особени проблеми покажаа развиените економии што сочинуваат околу 3/5 од светската економија. Тие повеќе од една деценија се во т.н. фаза на секуларна стагнација со исклучително низок раст, високи дефицити и растечки јавен долг што достигна 124,1 отсто кај развиените и 61,4 отсто од БДП кај растечките економии во светот, но и ниска инфлација и каматни стапки што тендираат кон нула. Тоа е голем предизвик и врши страшен притисок врз штедењето. Излезот од тоа во 2021 и наредните години сè уште не е на повидок и постои опасност состојбата и понатаму да се влошува. Економиите веројатно и понатаму ќе бидат соочени со непазарни притисоци од „видливата рака на државата“ преку механизмите на фискалниот интервенционизам со креирање на понудата преку огромни државни стимулации и дотации и креирање на уште поголема потрошувачка преку државните субвенции и пакети за потрошувачка на населението. Со тоа повторно се отвори и стариот, на широко дебатиран проблем дека во услови на стагнација и рецесија загубите на компаниите значително се социјализираат, а наспроти тоа во услови на забрзан економски раст тие дополнително се приватизираат.

Вакви и слични состојби и политики доведоа и до појава на растечка нееднаквост во распределбата на доходот во која најбогатите се уште побогати, а средната и ниска класа осиромашува што, исто така, претставува сериозна закана за иднината. Сега се проценува дека најбогатите 1 отсто од населението (78 милиони) имаат двојно поголемо богатство од 88 отсто или 6,9 милијарди луѓе на светот.

Резултат на сите овие состојби е слабеењето на базичните механизми на либералните пазарни економии и зацврстување на помалку или повеќе интервенционистичките и т.н. координирани пазарни економии во светот. Пандемијата само ги поттикна и онака постојните процеси. Враќањето од ваквата состојба нема да е лесно и брзо. Еклатантен пример е Грција и нејзината економија. Како и другите, таа влезе во голема рецесија, а владините антикризни мерки ја внесоа во ниво на јавен долг што ќе надмине 200 отсто од БДП. Владата се обиде да се соочи со рецесијата со лабава фискална и монетарна политика (loose fiscal and monetary policy) со првична цел да се поддржат скоро сите од јавниот и приватниот сектор. Тоа не даде резултат, особено со пропаста на туристичката сезона и сознанието колку многу целата економија е зависна од туризмот.

ОЕЦД сега предвидува дека годинава ќе заврши со 20 отсто невработеност наспроти 16 отсто во јануари. Владината интервенција уште повеќе ги влоши работите со неуспехот да се реши најголемиот проблем во економијата – нефлексибилните закони за работна сила, а ни зголеменото јавно трошење не успеа да ја стимулира економијата ни приближно доволно. Таа грешка ја направија многу влади во светот и сега сите ќе очекуваат таквото, релативно безнадежно, однесување да продолжи и во 2021 и понатаму. Никој не сака да прифати дека на економиите им се потребни големи структурни реформи кон секторите од кои пандемиската криза има нужна потреба и тоа веднаш. Грција е само добар пример за тоа. Можеби пријателското бизнис опкружување со либерализиран пазар (business-friendly environment with a liberalized market) е патот по кој попрво треба да се започни да се оди.

Предизвиците и можностите се испреплетени

Во 2021 и понатаму светот повторно ќе го очекуваат многу предизвици и неколку можности. Пандемијата зададе огромен удар на напорите за подигнување на животниот стандард и борбата против сиромаштијата и нееднаквостите, едновремено пресекувајќи ги глобалните и регионални вериги на снабдување и предизвикувајќи трговски шокови. СТО, на пример, предвидува пад од 9,2 отсто на обемот на светска трговија со стоки за 2020 година, проследено со пораст од 7,2 отсто во 2021 година што значи дека предпандемиското ниво од 2019 година сè уште ќе биде недостижна цел, а треба да имаме предвид дека и без пандемијата обемот на светската трговија во периодот 2011–2018 година се зголемуваше само за скромен 1 процент годишно а во 2019 дури и се намали за неполни 3 отсто.

Извршниот директор на ИФЦ (СБ) смета дека „приватниот сектор веројатно сега е многу поважен отколку што некогаш беше во помагањетона глобалната економија да го започне растот кога ќе излеземе од оваа пандемија". (the private sector is probably more important now than we've ever been in helping the global economy kickstart growth as we emerge from this pandemic) со што потврдува дека приватниот сектор сам нема да може лесно да ја надмине пандемијата. Државата останува важен фактор.

Од друга страна, животната средина е и ќе биде добитник на краток рок. Намалената побарувачка го намали производството на фосилните горива и со тоа и јаглеродните емисии. Глобалната економија која и онака беше социјално, економски и еколошки неодржлива, а нејзиниот раст нè доведе до работ на катастрофални климатски промени што сега, заради пандемијата, се забави. Но, таа го исфрли на површината проблемот со нерегулираните пазари на труд и непријавениот труд. Во ерата на масовна компензација на изгубените плати и надници заради пандемијата, непријавените работници се големи губитници. Тоа е проблем што, исто така, брзо ќе треба да се решава во иднина.

Преиспитување на целиот општествен систем

Пандемијата го принуди светот да се соочи со проблемите што долго беа запоставени. Бидејќи работите не можат да се остават какви што беа, јасно е дека се потребни политики за нивно менување. Една е дека структурни промени се нужни, а улогата на државата мора постојано да се преиспитува и прилагодува на реалноста. Друго се промените во природата и квалитетот на работата. Тие се од големо значење и секоја идна промена мора да се фокусира на создавање на поквалитетни работни места, за повеќе луѓе и тоа на многу повеќе разединети места со повисока технолошка надградба на работните места и зголемени барања кон работодавците. Тоа опфаќа и многу поголемо географско ширење на работните места со висока додадена вредност со цел повеќе локации да бидат „домаќини" на високо платени работни места.

Конечно, ова е една од големите можности и за преиспитувањето на целиот општествен систем и вкупните меѓународни односи. Можат ли тие и понатаму да останат исти? Веројатно не, па затоа сега е време постепено да се редефинираат.

Никола Поповски е доктор на економски науки и универзитетски професор. Предава група на предмети од областа на теоретската економија и макроекономијата. Има објавено повеќе книги со економска проблематика и универзитетски учебници,

2021 да биде година и за вакцинирање против КОВИД авторитаризмот

ПРОФ. Д-Р КАРОЛИНА РИСТОВА – АСТЕРУД

Професорка на правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Македонија.

Критичкото малцинство, на 2020 година не гледа само како на година која ја донесе вирусната пандемија, туку и како на година која донесе и еден друг вид на пандемија, онаа на КОВИД-авторитаризмот.

Повеќето луѓе во светот, осврнувајќи се на 2020 година, несомнено, ќе ја посочат КОВИД-пандемијата како клучно обележје на годината што изминува. Од она што го искусивме годинава, човекот, животот, здравјето, општеството и државата, преку ноќ се редуцираа на поими строго во функција на корона-вирусот. За секундарни се прогласија сите други аспекти на индивидуалното и јавното здравје, но и правно-политичките, економските, социјалните, културните, психолошките, антрополошките, етичките и естетските аспекти на животот.

Таа и таква тунел-визија на медицински редуктивизам инстантно се стекна со огромен број приврзаници меѓу граѓанството насекаде по светот. Приврзаниците настапуваа со увереност за сопствената морална супериорност и правилна позиционираност, но и со истовремена нетолерантност и безобзирност кон сите други комплексности на човековото индивидуално и општествено битисување. Сите оние кои прејавуваа дилеми, прашања или отпор кон стратегијата и мерките, дури и аргументирано, беа прогласувани за КОВИД-идиоти, за несолидарни, себични, неморални, па дури и за „убијци“.

И покрај мантрата за „следење на науката“, кампања за деплатформирање имаше дури и за авторитетни експерти од областа, но со алтернативни или критички видувања, доколку повеќе ако прифатени како државна стратегија. Во Европа ударно Шведска беше посочувана како „црната овца“, со постојано изнаоѓање на слабости во нејзината страгегија, обратнопропорционално со отсуството на такво преиспитување на сопствената стратегија.

Она што допрва ќе треба особено да се анализира е европското и западното игнорирање на успешните стратегии на азиските демократии (Јапонија, С. Кореја и Тајван), засновани на далеку помалку рестриктивност и инвазивност во пристапот, воедно врз далеку поголемо искуство со справување со епидемии во претходните децении, наспрема поголемото влијание на „кинескиот пристап“, особено во однос на т.н затворања на системот (локдауни) и полициските часови, и покрај тоа што Кина со својот политички режим ни оддалеку не е референца за Европа и Западот.

Во целина, индикативни беа реакциите во однос на мерките што државните власти насекаде започнаа да ги превземаат за „справување со пандемијата“. Тие мерки, поединечно и во целина, преставуваа сериозни отежнувања, ограничувања или одземања на слободи и права на граѓанството, а многу малку луѓе се прашуваа: дали мерките ги поминуваат релевантните правни тестови, а во поглед на нивната безалтернативност, пропорционалност, целесообразност и заснованост на „медицина на докази“?; дали е соодветно учеството на парламентите во процесот?; дали и колку функционира судската заштита доколку има пречекорувања и повреди?, итн.

Во текот на цела 2020 година јас лично најмногу бев загрижена, дури и шокирана, што во мојата земја се нормализираа искажувања од типот на „во пандемија нема човекови слободи и права“ и „во пандемија, исто како во војна, не важи уставот и правото“. Уште позагрижувачки, таквите искажувања беа придружени со поддршка и на ист таков пристап во низа од државните мерки, на пример, полициски часови со држење на луѓето нон-стоп затворени дома од три-пет дена, противправно лишување од слобода со наметнување комбинација од државен карантин и самоизолација од 28 дена наспроти СЗО-стандардот за максимум 14 дена, одземање на пасошите на граѓаните-повратници од странство, обврзување на граѓани кои сакат да заминат во странство да не се вратат во земјата минимум три месеци, итн.

Критичкото малцинство, во кое се вбројувам и себеси, кое ги наметнуваше горенаведените прашања, на 2020 година не гледа само како на година која ја донесе вирусната пандемија, туку и како на година која донесе и еден друг вид на пандемија, онаа на КОВИД-авторитаризмот. Во поширока смисла, станува збор за авторитарен „сејфтизам“ (Safetyism), почетно конципиран во 2018 година од страна на Џонатан Хаит/Jonathan Haidt и Грег Лукианоф/Greg Lukianoff во нивната книга „Разгалување на американскиот ум“/The Coddling of the American Mind“.

Сејфтизмот подразбира култура или систем на вредносни ориентации според кои „сигурноста“ станува врвното добро заради кое луѓето не се подготвени да прават отстапки во интерес на други правни, морални и практични обзири. Во оваа смисла, 2020 година дефинивно ќе замине како година во која огромен број луѓе се откажаа од низа свои слободи и права, неретко со голем ентузијазам. Сето тоа во замена за „чувство на сигурност“ обезбедено со еднодимензионална и сеопфатна државна интервенција.

КОВИД-авторитаризмот не се манифестираше само во земји со веќе етаблирани авторитарни политички режими, каде редовно и за очекување е сериозна државно вмешување и екстензивна контрола на штета на индивидуалните слободи и права. Значи, не само во земји како што тоа е ударно случајот со Кина, воедно земјата која беше епицентарот на пандемијата и која прва започна да се справува со истата, ефективно станувајќи модел за други такви земји по светот.

Напротив, КОВИД-авторитаризмот стана обележје и на дел од земјите за кои претходно никој упатен не би очекувал такво нешто, имено, во земји со либерално-демократски политички режими, засновани на почитување на индивидуалните слободи и права. Во таквиот круг не влегуваат само земји со претходна историја на диктаторски режими (Грција, Португалија, Шпанија), за што своевидна антитеза беше Германија со својот претпазлив пристап во рестриктивноста на мерките, токму и заради свеста и асоцијацијата со едно такво наследство. Ниту пак тоа е случај само со земји со традиционално силен етатизам и централизам (Франција). Најголемото изненадување беа земји како В. Британија и САД, како земји со најавтентични либерално-демократски традиции, антиетатизам, децентрализираност и култура на суверенитет и лична одговорност на индивидуите.

Несомено, 2021 година доминантно ќе биде во знак на масовното производство и дистрибуција на вакцината против КОВИД-19, како и вакцинација на светското население. Како нужни и приоритетни за адресирање ќе се наметнат и економско-социјалните дисторзии предизвикани од пандемијата и мерките за нејзино адресирање. По двете основи, нужно е свртување кон сериозни реформи за подобро справување со идни пандемии. Иако експертските анализи и укажувања години наназад предупредуваа дека вирусните пандемии се една од главните закани за човештвото во 21 век, 2020 година многу јасно покажа дека проблематиката се третирала како „научна фантастика“, вклучително и особено во најразвиените земји на Европа и Западот.

И од страна на медицинските власти, уште повеќе од страна на политичките власти, до степен на неснабденост со најосновна медицинска опрема и материјали. Тука некаде треба да се бара и дел од објаснувањето

за КОВИД-авторитаризмот. Иако низа почетни осврти и анализи го објаснуваат авторитарното натежнување како своевидно и зајакнато манифестирање на веќе постојни и проблематични трендови по цел политичко-идеолошки спектар, сепак важен дел на објаснувањето е дека истото воедно преставува пренагласена компензација за недозволивата неподготвеност за справување со пандемијата.

Во 2021 треба да се вложат посериозни напори за да се добие попрецизна слика за цената на запоставувањето на сите оние други аспекти кои беа почетно спомнати, а кои КОВИД-авторитаризмот ги жртвуваше на олтарот на медицинскиот редуктивизам. Тоа подразбира следната година да биде и година на сериозни анализи и напори за подобрување и на правно-политичката рамка за адресирање на епидемиите/пандемиите на светско, регионално и државно ниво. Почетно, во рамките на ООН потребно е да се обмисли правна рамка која ќе обезбеди поголемо почитување на т.н Сиракуза принципи во ограничувањата на индивидуалните слободи и права.

Повиците на земји како Австралија за иницирање независна и објективна истрага за пандемијата, како и за пропустот на СЗО навремено да го алармира светот, за што постои сомневање дека е од причини на политичка корумпираност, треба приоритетно да биде поддржано од мнозинството земји во светот. Тоа последователно мора да води и кон темелни институционални реформи на оваа институција. Појасната ООН-правна рамка, како и реформирана СЗО, ќе ги минимизираат веројатноста и опортунизмот за авторитарни реакции во случај на епидемии/пандемии.

Секако, сето ова важи и на регионално ниво, како што, на пример, на теренот на Европа се правните простори на Советот на Европа и на Европската Унија. Дури 10 од 47 држави-членки на Советот на Европа, вклучително и членки на ЕУ, направија дерогации во однос на слободи и права гарантирани со правниот режим на СЕ, со нотификации и без придружни правно-фактички елаборации, нешто што дефинитивно ќе треба да биде адресирано за во иднина. Принципот на солидарност на кој се заснова ЕУ не профункционира со убедлив капацитет во пандемијата, особено не во првата половина на годината. Тоа најмногу се одрази врз Италија како првопогодена држава во Европа, предизвикувајќи непотребни човечки страдања, вклучително и преку воведување на радикално-рестриктивни мерки, што само ја апострофира потребата за ЕУ-реформи во овој поглед.

Ваквите глобални и регионални напори треба да бидат поттик, но и притисок, врз секоја од државите да ги преиспитаат сопствените слабости. На пример, балканските искуства јасно упатуваат на потреба за преиспитување на улогата на здравствените наспрема политичките власти во одлучување за стратегијата и мерките, а нужно треба да се ажурира целата правна рамка за во период на епидемии/пандемии, особено во однос на гласачкото право и изборите, судската заштита на слободите и правата, вонредната состојба и попрецизно регулирање на полициските часови и другите мерки кои наметнуваат сериозна рестриктивност.

Конечно, она што недостасува на сите нивоа е стратегија за поголема информираност и подготвеност на граѓанството, но и на припадниците на медицинските професии, за другите аспекти за епидемиите/пандемиите, а заради избегнување на манифестираниот медицински редуктивизам во сегашната. Севкупно, во 2021 година, нужно ќе мора да се започне и со „вакцинирање“ против евентуален иден пандемски авторитаризам.

година. Тоа најмногу се одрази врз Италија како првопогодена држава во Европа, предизвикувајќи непотребни човечки страдања, вклучително и преку воведување на радикално-рестриктивни мерки, што само ја апострофира потребата за ЕУ-реформи во овој поглед.

Ваквите глобални и регионални напори треба да бидат поттик, но и притисок, врз секоја од државите да ги преиспитаат сопствените слабости. На пример, балканските искуства јасно упатуваат на потреба за преиспитување на улогата на здравствените наспрема политичките власти во одлучување за стратегијата и мерките, а нужно треба да се ажурира целата правна рамка за во период на епидемии/пандемии, особено во однос на гласачкото право и изборите, судската заштита на слободите и правата, вонредната состојба и попрецизно регулирање на полициските часови и другите мерки кои наметнуваат сериозна рестриктивност.

Конечно, она што недостасува на сите нивоа е стратегија за поголема информираност и подготвеност на граѓанството, но и на припадниците на медицинските професии, за другите аспекти за епидемиите/пандемиите, а заради избегнување на манифестираниот медицински редуктивизам во сегашната. Севкупно, во 2021 година, нужно ќе мора да се започне и со „вакцинирање“ против евентуален иден пандемски авторитаризам.

Каролина Ристова – Астеруд е професорка на правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Македонија. Поранешен член на делегацијата во Интерпарламентарната унија и на групата за билатерална соработка со НР Кина.

Пандемијата во ерата пост-вистината

ТРИШ ГРИНХАЛГ

Професорка по науки за примарна здравствена заштита на Одделот за науки за примарна здравствена заштита, на катедрата Нафилд при Универзитет во Оксфорд.

На 31 јули 2020 година, мојот колеѓ на Универзитетот во Оксфорд беше домаќин на семинар одржан на платформата Zoom, на кој неколку меѓународно реномирани научници држеа говори. Семинарот беше наменет првенствено за персоналот на факултетот, но како резултат на практиката за ширење на научните откритија што е можно пошироко, што се разви како последица на пандемијата, беа поканети и други истражувачи и заинтересирани членови на јавноста. Кога ми дојде редот да зборувам, ја отворив мојата PowerPoint презентација и веднаш ме нападнаа со навредливи пораки преку опцијата за групни или директни разговори. Еве точен пример на една од пораките: „ГОМНО ЕДНО, ЕБИ СЕ, ОВЦО ПРОКЛЕТА, ГОМНО ЗАДОЕНО СО ГЛУПОСТИТЕ ЗА НОВ СВЕТСКИ ПОРЕДОК“.

Насловот на мојата презентација беше „Објаснување на меѓународните разлики во политиките за носење маски за време на пандемијата со КОВИД-19“, но можев да зборувам и за рестрикциите во движењето на луѓето и затворањето на несуштинските бизниси, тестирањето и следењето, користењето штитници или десетици други слични теми. Во секој случај, креаторите на политиките уште од самиот почеток на пандемијата нè уверуваа дека „ја следат науката“, а сепак „науката“ на тие теми допрва треба цврсто да се утврди. Речиси секоја нова публикација беше оспорена, понекогаш од колеги научници, а понекогаш, агресивно, па дури и насилно, од страна на членови на јавноста.

Како јас, доктор по медицина и професор на Оксфорд, успеав да привлечам таква група на насилници кои имаа време и енергија да ме следат низ (виртуелните) порти на академскиот семинар? Кој ги организираше овие тролови и од каде нивната потреба да го полнат моето електронско сандаче со вулгарности и закани?

Да се вратиме во пролетта 2020 година, кога КОВИД-19 го зафаќаше светот, а истражувањето напредуваше со невидено темпо и размер. Научните бази на податоци брзо се преполнија со прелиминарни извештаи од истражувања чиешто потекло и квалитет беше тешко да се проценат. Иако неколку прашања во врска со вирусот се одговорија за кратко време, многу други останаа неодговорени. Многу наоди беа двосмислени, нецелосни, нерелевантни или не можеше да се поткрепат со повторно испитување, но секој од нив имаше далекусежни последици врз животот и егзистенцијата на милијарди луѓе.

Ние. како луѓе чија професија се научните истражувања, порано се жалевме дека нашите откритија не привлекуваат големо внимание, освен кај неколку колеги академици. Впечатливите тврдења дека половина од научните трудови никој никогаш

> Откако ќе презентирате факт во јавноста, колку и да сте внимателни во процесот, тој останува таму. ситуации...“

не ги чита, или дека во просек се потребни 17 години за резултатите од истражувањето да имаат какво било реално влијание, може да се рече дека се со сомнителна веродостојност, но во секој случај посочуваат на вистински проблем. Научниците, вклучувајќи ме и мене, едноставно никогаш не очекуваа дека ќе бидат катапултирани во обратен универзум, каде што лобистите ќе ги користат нашите прелиминарни извештаи за свои цели, дури и пред да можеме да одговориме на критиките на колегите рецензенти.

Во ваквото сценарио, што наликува на „Алиса во земјата на чудата“, јавноста толку засилено реагира на науката, што е невозможно да се контролира реакцијата. „Фактите“, дури и кога се генерирани и објавени со добра волја, веднаш се пуштаат низ идеолошка мелница за месо и со сила се ставаат во политички калап, додека научната неизвесност станува оружје во рацете на избрани функционери и неизбран интерес.

Во вакви услови, вообичаениот тек на научните процеси станува стресен. Откако ќе презентирате факт во јавноста, колку и да сте внимателни во процесот, тој останува таму. Нема враќање и колку е подолго времето во кое не можеме да дојдеме до конечни одговори на итни научни прашања, толку повеќе личните претпоставки, избрзаните заклучоци, академските ривали, политичките сојузништва и личните животи на научниците ја сочинуваат приказната. За троловите, сите водиме „кавги и расправии“.

Рафалната стрелба со навреди, бес, омраза, заплашување и вулгарности упатена кон мене на семинарот на Zoom доаѓаше од анонимен корисник кој се беше најавил како маж, белец. Неговото вербално насилство беше класичен пример за појавата што научниците ја нарекуваат „токсична бела машкост“. Оваа категорија на однесување исто така вклучува и агресивно и емотивно чување на неменливи (но неиздржани) вистини; омаловажување на она што се верува дека се женски особини (вклучително и признавање ранливост или несигурност, изразување грижа за другите и преземање здраво-разумни мерки на претпазливост како носење маска); и опишување на противниците со изрази како „снегулка“ и „овца“.

Дезинформациите, лагите и извртените полувистини не се нешто ново. Но, како што тврди филозофот Џејсон Харсин, „информациската пандемија“ што настана во ерата „пост-вистината“ поврзана со КОВИД-19 е поголема и позлобна од сите можни вакви примери во претходните кризи во јавното здравство. За оние што сакаат да ги претворат информациите во оружја за свои цели, купот прелиминарни

> Ние научниците ќе треба повеќе да размислуваме за сопствените постапки, да создадеме зголемена свесност за сопствените идентитети, вредности и етички обврски...“

ПОДДРЖУВАЧИ НА QANON НА МИТИНГ НА ТРАМП ВО ПЕНСИЛВАНИЈА.

ЕНТОНИ ФАУЧИ, ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНИОТ ИНСТИТУТ ЗА АЛЕРГИИ И ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА САД.

научни извештаи што се насобрал како одговор на пандемијата е дар од Бога.

Можно е КОВИД-19 веќе да ја смени науката засекогаш. Пандемијата и нејзините последователни потреси ги разнишаа столбовите на рационалното и објективно истражување, принудувајќи нè да го преиспитаме начинот на кој се пријавуваат, шират и споделуваат академските наоди во јавноста. Не можеме да излеземе од зајачката дупка и да се вратиме на поранешната состојба, кога немаше ни доволен интерес за учество во семинарите. Во догледна иднина, науката ќе биде еден вид јавен чин, а научната комуникација ќе биде тепачка со тупаници помеѓу добронамерни актери и тролови.

Како може науката да го преживее сето ова? Како прво, ние научниците ќе треба повеќе да размислуваме за сопствените постапки, да создадеме зголемена свесност за сопствените идентитети, вредности и етички обврски како истражувачи кои работат за јавното добро. Прифаќањето на оваа улога значи директно соочување, без оглед колку тоа ќе биде болно, со зајадливи критики и навреди. Преку внимателно читање на критиките и личните напади што ги добиваме, можеме подобро да ја разбереме сегашната политичка клима и да ги идентификуваме потенцијалните методи за заштита на емпириското знаење. Но, за да постигнеме резултати, ќе мора да вложиме епистемолошки труд за одбрана на нашите основни претпоставки за природата на реалноста и за тоа како може да се спознае таа реалност.

Исто така, научниците мора да станат повешти во деконструирање. За да ги надминеме обидите за изобличување на нашите наоди, треба да ги идентификуваме, а потоа да ги заобиколиме ограничувањата на одредени дискурси и јазични принципи и норми.

Ќе ја земеме за пример Големата декларација на Барингтон, неодамна објавеното писмо до јавноста и петицијата објавена од група маргинални академици кои заговараат стратегија за имунитет на стадо за справување со КОВИД-19. Нивниот предлог – „ранливите“ групи на населението да се изолираат од останатите, односно да живеат физички одвоени, а „неранливите“ да живеат без ограничувања – се засновани на дезинформации, но тој сепак беше претставен како респектабилна наука. Етаблирани научници веднаш се спротивставија на предлогот, меѓутоа најефикасните побивања дојдоа од обични корисници кои ја потпишаа мошне префинетата онлајн петиција со имиња како „Д-р Перо Смрдинозе“,„ Професор Мува Немелази“ и „Г. Банана Рама“, наведени во слободен превод.

Д-р Смрдинозе ги заслужува сите наши пофалби. Пораката испратена до троловите е дека сме подготвени за борба и дека ја разбираме нивната игра. Всушност, ќе го користам однесувањето на моите тролови како влезни податоци за мојот следен труд.

Триш Гринхалг е професорка по науки за примарна здравствена заштита на Одделот за науки за примарна здравствена заштита, на катедрата Нафилд при Универзитет во Оксфорд.

Лек за демагошки популизам

МАЈКЛ ЛИНДТ

Истражувачки професор на Факултетот за јавни работи Линдон Б. Џонсон при Универзитетот на Тексас во Остин и автор на книгата „Нова класна војна: Спасување на демократијата од менаџерската елита“.

Доналд Трамп е првиот вистински демагог кој бил претседател на САД. Но, историски, политичарите кои тврдат дека се гласот на безгласните против корумпираниот естаблишмент се честа појава во Америка и на државно и на локално ниво. Како форма на политика, демагошкиот популизам просперира кога големи групи граѓани сметаат дека конвенционалните политичари ги игнорираат нивните интереси и вредности. пандемијата, беа поканети и други истражувачи и заинтересирани членови на јавноста. Кога ми дојде редот да зборувам, ја отворив мојата PowerPoint презентација и веднаш ме нападнаа со навредливи пораки преку опцијата за групни или директни разговори. Еве точен пример на една од пораките: „ГОМНО ЕДНО, ЕБИ СЕ, ОВЦО ПРОКЛЕТА, ГОМНО ЗАДОЕНО СО ГЛУПОСТИТЕ ЗА НОВ СВЕТСКИ ПОРЕДОК“.

Во периодот по завршувањето на Граѓанската војна познат како Реконструкција, таканаречените Бурбонски демократи, елитните потомци на предвоените сопственици на робови и нивните сојузници, владееле со јужните држави од Вирџинија до Тексас. Бурбонската олигархијата ги лишила од правото на глас сите афроамериканци и многу бели гласачи од југот преку воведување на данок на гласање, тестови за писменост и други механизми за оневозможување на гласањето. Како резултат на тоа, Републиканската партија била речиси елиминирана од Југот. Демократскиот монопол врз политичката моќ служел за одржување на угнетувачка верзија на плантажната економија, заснована врз форми на работна сила – како исполичарство и систем за изнајмување на осуденици (изнајмување затвореници на работодавци) – што заробувале и белци и афроамериканци.

Со ваквата олигархиска политика, јужњаците си создале непријател во форма на демагошки популисти чие гласачко тело биле малите земјоделци и белата работничка класа. Иако многу демагози од југот имале елитно потекло, тие се разликувале од префинетата владејачка класа по грубиот јазик и забавните кампањи. Во Јужна Каролина, гувернерот Бенџамин Р. Тилман го добил прекарот „Бен Вилата“, кога објавил дека „ќе ја забоде вилата во старите дебели ребра“ на претседателот Гровер Кливленд. Во Тексас, Џејмс Стивен Хог, кој имал 136 килограми, за симбол на неговата кампања за гувернер го избрал крмакот.

Многу демагози од југот го користеле расизмот за да привлечат белци од пониските класи кои се плашеле од конкуренцијата од афроамериканците. Во Мисисипи, гувернерот, а подоцна и сенатор, Џејмс К. Вардаман се нарекувал „Големиот бел старешина“ и ја демонстрирал својата посветеност на супериорноста на белата раса облекувајќи се во бело и возејќи се во кочија влечена од бели волови. Но, други биле опортунисти. На крајот на 20-тиот век, Том Вотсон од Џорџија

ПОРАНЕШНИОТ ГУВЕРНЕР НА ЛУИЗИЈАНА ХЈУИ ЛОНГ

ПОРАНЕШНИОТ ГУВЕРНЕР НА АЛАБАМА ЏОРЏ Ц. ВАЛАС.

прв ги повика афроамериканците да му дадат поддршка, а потоа се залагаше за супериорност на белата раса. Генерации подоцна, гувернерот на Алабама, Џорџ Валас, пак го направи спротивното, се прослави како сегрегационист пред да ги повика афроамериканците во подоцнежниот период од неговата кариерата од инвалидска количка да го поддржат, откако преживеа обид за атентат.

Покрај тоа, многу демагошки популисти ги осудија урбаните трговски и банкарски институции, како и корпорациите, често со седиште во Северот, кои ги доминираат економиите на нивните држави. Други демагози, како

Вилбер Ли „Папи“ О'Даниел од Тексас, радио фолк ѕвезда кој станал гувернер на Тексас и американски сенатор, биле претставници на корпорациите и богатите.

Откако ќе освоеле власт, демагозите од југот обично ги напуштале своите следбеници и се приклучувале на естаблишментот. Понекогаш тие создавале семејни династии во државната политика. Хјуи П. Лонг, „Скушата“ од Луизијана, познат по слоганот „Секој човек крал“, станал гувернер, а потоа и американски сенатор. Откако бил убиен во 1935 година, неговиот брат Ерл го наследил како гувернер, а неговиот син Расел во американскиот Сенат.

Покрај југот во 20-тиот век, американски демагози се појавиле и на северните градови на САД каде дијаспорите на имигрантите од Европа биле исклучени од власта од страна на локалните, бели, англосаксонски и протестантски елити (WASP). Претставувајќи ги американците со ирско потекло со ниски примања, Џејмс Мајкл Крли се прогласил за „градоначалник на сиромашните“. Тој служел четири мандати како градоначалник на Бостон и еден мандат како гувернер на Масачусетс, поминувајќи пет месеци од четвртиот градоначалнички мандат во затвор поради корупција, пред да биде помилуван од претседателот Хари Труман.

За време и по движењата за граѓански права во 50-тите и 60-тите години на 20-тиот век, белата работничката класа се најде загрозена поради конкуренцијата од афроамериканците за работни места и домување од една страна, и раководната и професионалната елита од друга страна. Оваа група го обезбеди изборот на Франк Рицо за градоначалник на Филаделфија и на Руди Џулијани за градоначалник на Њујорк. Трамп е невообичаен американски претседател, но како германско-шкотски кариерист, лесно е да се замисли како надмен градоначалник на Њујорк, мобилизирајќи други „бели етникуми" од околните општини против Менхетен.

Меѓутоа, споредбата на Трамп со фашистичките диктатори како Хитлер и Мусолини покажува длабоко непознавање на историјата. И Хитлер и Мусолини биле поддржани од воени, бирократски и академски елити кои ја презирале демократијата и се плашеле од комунизмот. Спротивно на тоа, американската воена, бирократска и академска елита и голем дел од корпоративниот и финансискиот естаблишмент се здружија против Трамп. Покрај тоа, подбивниот, вулгарен, искрен стил на класичните американски, популистички демагози како Трамп и нивните европски еквиваленти Британецот Најџел Фараж и Италијанецот Матео Салвини, се далеку од мрачните персони на Мусолини, Хитлер и Шпанскиот долгогодишен диктатор, Франциско Франко.

Подеднакво неразумни се обидите за сведување на популизмот на Трамп на „бел национализам". И покрај предрасудите во говорите на Трамп, бројот на неговите гласачи од бела раса се намали, а неговата поддршка кај небелите гласачи се зголеми во 2020 година во споредба со 2016 година. Слично на тоа, во Обединетото Кралство, некаде помеѓу една четвртина и една третина од црните гласачи, Азијатите и етнички малцинства (BAME) го поддржаа Брегзит на референдумот во 2016 година, поткопувајќи ги обидите да се прикаже британскиот популизам како реакција на политиката само на белите Британци.

Како политички стил, популизмот се појавува кога конвенционалните политичари и партискиот естаблишмент игнорираат поголеми групи на население во една земја.

Тука спаѓаат белите земјоделци и работници од јужен САД пред граѓанската војна, земјоделците од средниот запад кон крајот на 19тиот век, европско-американските „бели етникуми" во 20тиот век на североистокот и белата работничка класа во индустрискиот среден запад и север на Британија во 21-от век.

БОСТОНСКИОТ ПОЛИТИЧАР ЏЕЈМС МАЈКЛ КУРЛИ.

ПОДДРЖУВАЧИ НА „НАПУШТИ" КАМПАЊАТА ПРЕД РЕФЕРЕНДУМОТ ЗА БРЕГЗИТ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА.

> Американската историја покажува дека најдобриот начин за да се елиминира популизмот е да се вклучат отуѓените избирачи во политика и да се решат нивните легитимни поплаки на софистициран начин.

За да бидат сигурни, популистичките демагози честопати промовираат мерки за разоткривање на вистински проблеми. Вилијам Џенингс Брајан, трикратен кандидат за претседател на Демократската партија, се залагал за монетарен биметализам (поткрепување на доларот со сребро, покрај златото) како решение за проблемите на земјоделците. Но, иако нивните поборници се измамници или шарлатани, очајните гласачи честопати имаат легитимни поплаки.

Денес, преселувањето на индустријата во странство и имиграцијата создаваат и губитници и победници. Баукот на американскиот естаблишмент за лошите страни на слободната трговија и миграција му даде во рака на Трамп проблеми што може да ги искористи, исто како што двопартиското православие во корист на златниот стандард за дефлација му овозможи на Брајан во 1890-тите. Но, ѕидот на Трамп долж границата со Мексико и неговото небрежно користење на тарифите, исто како сребрената монета на Брајан, беа повеќе трикови отколку веродостојни политики.

Американската историја покажува дека најдобриот начин за да се елиминира популизмот е да се вклучат отуѓените избирачи во политика и да се решат нивните легитимни поплаки на софистициран начин. Новиот договор на претседателот Френклин Д. Рузвелт постигна многу од целите на аграрното популистичко движење на Брајан. Но, тоа го постигна преку вклучување на земјоделците и работниците во политика и креирање политики на институционализиран начин, преку земјоделски организации и синдикати. За време на Големата депресија, Рузвелт постигнал една популистичка цел со напуштање на златниот стандард, систем за кој повеќето економисти денес се согласуваат дека бил економски штетен. Но, овие и други легитимни популистички поплаки ги адресираат реформаторите од „Новиот договор“ во двопартискиот систем и националниот естаблишмент, а не од надворешни подбуцнувачи.

Популистите често се подлеци, меѓутоа нивните следбеници заслужуваат да бидат почитувани и сослушани. Демагошкиот популизам е мана на репрезентативната демократија. За да се поправи, потребно е демократијата да биде вистински репрезентативна.

Мајкл Линд е истражувачки професор на Факултетот за јавни работи Линдон Б. Џонсон при Универзитетот на Тексас во Остин и автор на книгата „Нова класна војна: Спасување на демократијата од менаџерската елита“.

ДОНАЛД ТРАМП НА МИТИНГ ВО ИНДИЈАНА.


escape
return
option
restart

Враќање на парискиот пат за борба против климатските промени

ЛОРЕНС ТУБЈАНА

Извршен директор на Европската фондација за климатски промени.

Финализирањето на Парискиот договор за борба против климатските промени на 12 декември 2015 година беше прославено низ целиот свет. Но, оттогаш помина пет години, а светот запаѓа во сè поголема неизвесноста. Кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19 не дозволува брзи и лесни решенија. Пандемијата донесе продлабочување на економските и социјалните кризи, како и бран на зголемена задолженост. Геополитичката состојба е во деценски најлоша состојба, а со реорганизацијата на глобалните синџири на снабдување, постигнувањето на подлабока глобална интеграција преку трговијата е сè поневеројатно.

Но, и покрај сите неизвесности, едно останува сигурно: климатската криза и потребата од почитување на Парискиот договор, кој е единствен достапен план за декарбонизација на глобалната економија. И покрај тоа што договорот првично наиде на сомнежи, неговите примарни механизми ја покажуваат својата ефективност и ефикасност, а неговата цел за нето нула емисии на стакленички гасови до средината на векот стана референтна точка за владите и бизнисите ширум светот. Сè поголем број на економски сектори – јавни и приватни, финансии, енергетика, транспорт и, сè повеќе, индустријата – поставуваат цели што се во согласност со оваа.

Со приближувањето на Конференцијата на Организацијата на Обединетите Нации за климатски промени (COP26) во 2021 година, владите имаат задача да ги зацврстат своите климатски планови (следејќи ја логиката на „запчест механизам“ на парискиот договор) со цел обврзување на целите за намалување на емисиите до 2030 година. Политичката состојба во светот се наоѓа во критичка точка. Неславниот говор на Доналд Трамп од јуни 2017 година од Роуз Гарден, со кој се најавува повлекување на САД од Парискиот договор, предизвика негативен домино ефект, охрабрувајќи ги Бразил, Австралија и Мексико да ги скротат своите климатски амбиции. Но, сега сме на прагот на позитивен домино ефект, бидејќи повеќе влади и сектори сфаќаат дека декарбонизацијата е клучот за економската конкурентност во иднина.

Во 2020 година, амбициозните нови заложби за нето нула емисии на Кина, Јапонија, Јужна Кореја и Европската унија беа проследени со изборот на Џо Бајден за претседател на САД, што претставува решавачка промена во глобалниот размислување. Во 2021 година, Г7 и Г20 може да го стават креирањето на климатски политики (особено зелени финансии) како главно прашање на глобалната агенда. Повеќето членови во секоја група веќе имаат воспоставено цели со нето нула емисии и притоа ќе треба соодветно да ги зголемат нивните репери за 2030 година. ЕУ, на пример, ќе треба да ги намали нето емисиите за 55% до 2030 година, со цел да ја исполни својата цел за 2050 година.

Надвор од последните случувања во САД, ЕУ и Кина, пошироките економски трендови и мобилизацијата на недржавните актери дадоа дополнителен интензитет на климатските активности. Од 2015 година, има зголемување од 22,000% на средствата посветени на дивестирање на фосилни горива, а многу големи мултинационални компании се обврзаа на намалување на емисиите во согласност со Парискиот договор.

> Не само што не се празни зборови на хартија, туку и заложбите за нето нула емисии имаат значителен ефект врз реалната економија. ситуации...“

22,000%

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФОСИЛНИ ГОРИВА

ПОСВЕТЕНИ НА ДИВЕСТИРАЊЕ ОД 2015

На пример, непосредно кон крајот на 2020 година, малезискиот државен енергетски гигант Petronas им се придружи на BP, Shell и Equinor во целите за нето нула емисии до 2050 година, а шпанската Iberdrola, трето најголемо претпријатие за електрична енергија во светот, објави дека ќе инвестира 75 милијарди евра (89 милијарди американски долари) во текот на следните пет години за двојно да го зголеми својот капацитет за обновливи извори на електрична енергија. Во меѓувреме, извршниот директор на Фолксваген призна дека опстанокот на компанијата зависи од неговата способност да се насочи кон производството на електрични возила, почнувајќи со инвестиции од 33 милијарди евра од сега до 2024 година.

Покрај тоа, градовите, регионите, компаниите и финансиските институции сè повеќе соработуваат на акции за борба против климатските промени, што значи дека некои земји може да ги надминат своите национални климатски цели, додека други – како Бразил и САД – да се вратат на правиот пат. Сите овие напори добиваат силна поддршка и од обичниот народ. Дури и во услови на пандемија, анкетите покажуваат дека луѓето се загрижени како и секогаш за климатските промени и сакаат нивните влади повеќе да се посветат на заштита на планетата.

Ваквите притисоци создаваат позитивен домино ефект. Не само што не се празни зборови на хартија, туку и заложбите за нето нула емисии имаат значителен ефект врз реалната економија. Голем трговски договор меѓу ЕУ и Mercosur (Аргентина, Бразил, Парагвај и Уругвај), на пример, беше блокиран од голем број земји-членки на ЕУ поради загриженоста за непочитувањето на заштитата на животната средина од страна на бразилскиот претседател Jair Bolsonaro и прашања како уништување на шумите. Како резултат, многу бразилски бизниси – вклучително и во индустријата за говедско и соја – вршат притисок врз владата на Bolsonaro да го промени правецот.

Покрај тоа, во намерата за спроведување на Европскиот зелен договор, ЕУ размислува за механизам со кој се става цена за јаглерод диоксид на одреден увоз од надвор. Механизмот ќе се развива преку блиска соработка со трговски партнери и може да претставува почеток на нова ера на соработка, бидејќи другите земји посветени на нето нулта емисии ќе мораат да ги туркаат своите сопствени индустрии да продолжат со декарбонизација.

Сепак, не можеме да бидеме слепи оптимисти. Факт е дека ни снемува време. Знаеме дека 2010-2020 година беше најжешкиот евидентиран период и дека атмосферските концентрации на стакленички гасови продолжуваат брзо да растат. Знаеме дека емисиите од фосилни горива и шумски пожари достигнаа историски рекорд во 2019 година и сега редовно сме сведоци на слики како топење на глечери, горење на дождовни шуми, улици задушени од смог и мали острови погодени од супербури. Во региони или земји каде што емисиите кулминирале, напорите за постигнување на нето нула емисии до 2050 година ќе треба тројно да се зголемат. Некои региони, пак, не се ни близу до исполнување на предизвикот.

Со брзата промена на цели економии и општества, сега е моментот политичкото раководство да ги истурка работите до целта. Новата администрација на Бајден ќе има клучна улога во глобалниот одговор, но сами САД нема да го решат проблемот. Во овие времиња на сè подистрибуирано глобално лидерство, сите ние мора да работиме заедно. Следните одредници на меѓународната заедница – кај Г7, Г20 и COP26 – ќе бидат одлучувачки. Ова е игра што можеме да ја добиеме.

Лоренс Тубјана, поранешна амбасадорка на Франција во Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени, е извршен директор на Европската фондација за клима и професор на Sciences Po, Париз.

ДЕФОРЕСТАЦИЈА ВО ШУМАТА АМАЗОН ВО БРАЗИЛ.

Кој кого напаѓа?

МОХАМЕД ЕЛБАРАДЕИ

Лауреат на Нобеловата награда за мир.

2020 година повторно ни покажа дека односот помеѓу западниот и арапскиот и муслимански свет останува заматен и замрсен поради спомените од колонизацијата, војните и злосторствата што датираат од крстоносните војни, но присутни се и во поново време, од Алжирската војна за независност од Франција и неодамнешните војни во Авганистан и Ирак.

Сомнежот, недовербата и огорченоста што доаѓа од голем број (ако не и поголемиот број) муслимани, како и од многумина на западот фрла дамка на односот помеѓу нив. Недоволното знаење што го имаат обете страни на овој однос за други култури не придонесува за меѓусебно разбирање, и тоа е мрачен факт што радикалите (повторно, од двете страни) цинично го злоупотребуваат.

Во последно време се појавија бројни иницијативи чијашто цел е да промовираат меѓукултурен дијалог и да поттикнат подлабоко разбирање помеѓу цивилизациите и културите, особено помеѓу исламот и западот. За жал, овие напори, вклучително и основањето на „Алијансата на цивилизациите“ на Обединетите нации, претежно останаа во кругот на повисоко образованите луѓе и нивните напори немаа никакво влијание врз обичниот човек. Напротив, екстремистичките напади или ставови се далеку погласни од ваквите иницијативи и со нив се зајакнува перцепцијата на две култури со спротивставени стоишта кои се заробени во неизбежен и неменлив конфликт. Повторните немири што неодамна се случија во Франција поради стрип-карикатурите со пророкот Мухамед и шокантните злосторства што следеа таму, јасно ја демонстрираат длабоката културна поделеност што без престан ги разбранува односите помеѓу исламот и западот.

Зошто тие стрип-карикатури одново ја проширија оваа пукнатина? Несекуларните муслимани ги гледаа овие карикатури во строго религиозна рамка, а гневот и огорченоста што произлегоа од нив го зафатија целиот исламски свет, од Северна Африка до Индонезија. Многу муслимани сметаа дека сликите се уште еден намерен и злобен јудео-христијански напад врз исламот, продолжение на крстоносните војни, овој пат со користење поинакви средства. Некои прашуваат зошто се дозволени напади врз исламот и неговите свети симболи, односно не само дозволени туку и се поттикнуваат, додека критикувањето на Израел или негирањето на холокаустот се смета за антисемитски, дури и казниво со закон? Исто така, зошто француското знаме и националната химна се заштитени од сквернавење, додека најпочитуваниот симбол на исламската вера не е?

Од друга страна, многумина на западот ги сметаа обезглавувањата во Франција и претходните и последователните варварски убиства на невини цивили во европските градови како директни напади од страна на „исламистичките терористи“ против западната култура и западниот начин на живеење. Овие злодела, велат тие, биле напад врз дефинираните вредности и слободи на западот. По овие напади, се намали свесноста на јавноста за тежината на навредата што ја претставуваа стрип-карикатурите.

На чело со францускиот претседател Емануел Макрон, западните лидери дадоа аргументи за силен и непоколеблив одговор на неодамнешните убиства во Франција. И покрај тоа што огромното мнозинство муслимани отсекогаш тврделе дека екстремистите-убијци не ја претставуваат нивната вера, овие трагични настани станаа уште една можност за некои луѓе од двете страни да освојат политички поени и да ги промовираат своите тесногледи агенди. Додека некои сметаа дека на

исламот му требаат реформи, други тврдат дека решението е да се ограничи имиграцијата на муслиманите кон Европа, што е насока на дејствување за која најгласно се залагаше, очекувано, администрацијата на претседателот на САД Доналд Трамп. Како одговор на ова, некои муслимани сакаат сите муслимани да се вратат на Калифатот, време кога исламскиот свет беше обединет и моќен.

Вистината е дека двете култури имаат длабоки филозофски разлики во однос на значењето и опфатот на слободата на изразување и уверување. Секуларната западна култура има експанзивен поглед на овие слободи, сметајќи ги како крајни гаранции против угнетување и авторитаризам. западот дава предност на слободата на изразување пред светоста на религиозните верувања, сметајќи ги вториве за идеи кои, како и секоја друга идеја, треба да бидат отворени за критика, па дури и за потсмев.

Наспроти тоа, исламската култура ги смета религиозните верувања како неприкосновено свети, отпорни на забот на времето, и смета дека исмејувањето на кое било Аврамско религиозно верување или симбол е напад против сè што муслиманите го сметаат за свето. Тешките тековни политички и социјални транзиции во голем дел од исламскиот свет значат

> Со оглед на сите немири, конфузија и дијаметрални спротивставености во светот денес, она што е најмалку потребно на исламската или на западната цивилизација се нови причини за поделба и конфликт.

дека многу муслимани чувствуваат уште поголема потреба да се потпрат на сигурноста на нивната вера како противтежа на брзите промени во светот. Тие не се подготвени да трпат напади врз единствената константа во нивните животи што им нуди утеха, надеж и вистинско значење.

Со оглед на сите немири, конфузија и дијаметрални спротивставености во светот денес, она што е најмалку потребно на исламската или на западната цивилизација се нови причини за поделба и конфликт. Наместо тоа, потребен е опсежен дијалог помеѓу двете култури што ги става сите спорни прашања на маса, со надеж дека ќе се добие сочувствување и разбирање на стоиштето на другиот, со што ќе се намали јазот што постои помеѓу двете стоишта. Без оглед на крајниот исход, целта на обете страни мора да биде да се дојде до формула на меѓусебно почитување и себеограничување што ги зема во обѕир посебните чувствителни аспекти на секоја култура.

Меѓутоа, за ваквиот дијалог да биде успешен, мора да се стави на маса најголемиот проблем што се крие во неодамнешната криза: недовербата што постои помеѓу двете култури. Дискусијата треба да го вклучи обичниот човек, а не да се ограничи само на елитите. Исто така, допирот помеѓу културите не треба да се презентира како неизбежен судир на цивилизациите, туку како незаменлива можност за наоѓање заедничко тло. Само со вака сменета перцепција и начин на размислување ќе може да се изгради вистинско рамноправно партнерство помеѓу исламот и западот.

Мохамед Елбарадеи е лауреат на Нобеловата награда за мир.

НОВА ГОДИНА

КЛАУС ШВАБ

Основач и извршен претседавач на Светскиот економски форум

НУЛТ

Годината што претстои може да биде историска – и тоа на позитивен начин. Седумдесет и пет години по првата „Нулта година“ што настапи по Втората светска војна, повторно ни се укажува шанса за обнова. Процесот по 1945 година буквално се однесување на обнова: повторна изградба по разорувачката војна. И овој пат фокусот е насочен кон материјалниот свет, но и на многу други аспекти. Мора да се стремиме кон повисок степен на општествена префинетост и да создадеме здрави темели за благосостојба на луѓето и на планетата.

По Втората светска војна, развивме нова економска филозофија втемелена во концептите на соработка и интеграција, а материјалната благосостојба беше примарната цел. Овој проект беше поттик со чија помош се создадоа меѓународни организации како што се Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд и ОЕЦД, како и првичните договори што понатаму се развија во Светската трговска организација и Европската унија. Неолиберализмот – цврста посветеност на слободни пазари и ограничена влада – владееше на западот, каде што донесе децении на просперитет и напредок.

Меѓутоа, овој модел веќе не функционира. КОВИД-19 го зададе последниот удар, но најмалку две децении наназад е јасно дека моделот развиен по војната повеќе не е одржлив, од еколошки и општествен аспект (заради огромните нееднаквости што постојат денес). Англискиот историчар Томас Фулер ја дал познатата изјава: „најмрачниот час во ноќта е токму пред зората“. Сепак, не можеме туку-така да претпоставиме дека по оваа година на ужаси, што ја донесе најголемата криза во здравството и најострата рецесија во последниов век, автоматски ќе следува подобра година. Мора да преземеме нешто за тоа да биде така.

Според мене, треба да постигнеме напредок во три области, односно да надградиме три столба. Прво, 2021 година може да биде годината кога ќе го ставиме КОВИД-19 под контрола. Ако се остварат сегашните предвидувања, ќе станат достапни неколку вакцини. Ако со нивна помош ја победиме пандемијата, треба да направиме преглед на она што го научивме од оваа криза. Иако вакцините можат да донесат стабилност, тие не се волшебен лек за сè. Исто како што спогодбата за мир значи крај на војната, но не значи и дека ќе исчезнат штетите причинети од неа, запирањето на пандемијата е само првиот чекор. Поголем предизвик ќе биде да се отстранат структурните

недостатоци во нашите системи и институции, поради кои многумина не успеаја да ја обезбедат потребната грижа и услуги кои им беа потребни.

Секој еден од нас ќе треба да даде свој придонес, со цел нашите системи за социјална и здравствена заштита да станат поотпорни за следната генерација. Пандемијата нè потсети дека не треба целите да ни бидат само повисок БДП и профит, со претпоставка дека ако овие показатели го достигнат највисокото можно ниво, автоматски ќе има корист за општеството. Претпоставката е погрешна и затоа годинава што следува мора да донесе „Големо ресетирање“ во начинот на кој гледаме на економскиот раст и управувањето.

Второ, 2021 година ќе биде годината кога владите на секоја повлијателна земја, како и широките коалиции од приватниот сектор, ќе се заложат за постигнување „нето-нула“ емисии на стакленички гасови (GHG). Ова значи дека наместо светот да биде заглавен во трка до дното и да се плаши од континуирани проблеми со користење услуги без да се платат (проблем наречен „слепи патници“), тој може да извлече корист од доблесниот циклус на декарбонизација.

Европската унија веќе постигна договор за „законско уредување на постигнувањето климатска неутралност до 2050 година“, Кина се заложи дека ќе стане „климатски неутрална до 2060 година“, а Јапонија даде слично ветување за до 2050 година. Со изборот на Џо Бајден за претседател, се очекува САД повторно да се приклучат кон Парискиот климатски договор и да целат кон 100% чиста енергија и нето-нула емисии до 2050 година.

Овие заложби претставуваат историски значаен настан. Кина, Јапонија, САД и Европа заедно сочинуваат повеќе од половина од вкупните емисии на стакленички гасови и над половина од глобалниот БДП. Целите наведени во парискиот договор сега во поголема мера се остварливи на национално и регионално ниво. Покрај тоа, низа индустриски и корпоративни заложби сега ги надополнуваат напорите на владите. Глобалното климатско движење никогаш досега не било олку големо и олку конкретно.

Конечно, 2021 година ќе биде годината кога компаниите ќе се свртат од стратегии строго ориентирана кон краткорочна добивка кон стратегии насочени повеќе кон долгорочна одржливост на нивните деловни активности и кон интересите и придонесите на сите засегнати страни. Всушност, лидерите од светот на бизнисот го прифатија концептот на капитализам на засегнатите страни уште во 2019 година, со заложбата дадена на Бизнис тркалезната маса, а потоа и со Манифестот од Давос од 2020 година. Но тие немаа средства да ги преточат овие начелни обврски во мерливи цели и нефинансиско известување. Денес веќе не е така. Со развојот на јасен „Систем за мерење на капитализмот на засегнатите страни“ во 2020 година, сите компании ги имаат потребните алатки за да ги претворат нивните еколошки, општествени и управувачки заложби во мерливи активности.

> Како и по Втората светска војна, потребните елементи се веќе на место...“

Повторно, ова е историски чекор напред со кој ќе се постигнат глобални ефекти. Сметководствените фирми кои се дел од „Големата четворка“ – Делоит, ЕиЈ, КПМГ и ПвК – дадоа свој придонес за развивање на системот за мерење и сега можат да го вградат овој систем во нивното годишно известување за успешноста на компанијата. Им се придружуваат и голем број големи финансиски институции, од Банката на Америка до „Блекрок“, кои се сè погласни поддржувачи на капитализмот на засегнатите страни.

Овие три главни случувања – обновениот фокус на јавното здравје и отпорноста, заложбите за постигнување нето-нула состојба и воведувањето капитализам на заинтересирани страни, на некој начин се гаранција дека 2021 година ќе биде новата „Нулта година“. Како и по Втората светска војна, потребните елементи се веќе на место, односно

Клаус Шваб е основач и извршен претседавач на Светскиот економски форум. Тој е автор на Stakeholder Capitalism: A Global Economy that Works for Progress, People and Planet („Капитализам на засегнати страни: Глобална економија што работи во

РЕКОНСТРУКЦИЈА ВО МИЛАНО ПОСЛЕ ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА.

ДЕЈВИД АТЕНБОРО НА ЛАНСИРАЊЕТО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ НА ОН.

Астеруд / Борел / Берглоф
Гринхалг / Дајмонд / Елбарадеи
Ел-Ериан / Линд / Поповски
Рајнхарт / Рубини / Крастев
Тубиана / Хаселтин / Шваб

PS
respublica
Институт за комуникациски студии